СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-5263/43
25.08.2022 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 16-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес на 25.08.2022 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 16-та седница на Советот на Општина Кавадарци.
На седницата присуствуваат 17 присутни советници, двајца советници ќе следат и ке бидат поврзани преку телекомуникациска врска преку ZOOM апликацијата.

Се прозиваат советниците кои се преку апликацијата ZOOM да се произнесат дали се присутни. Веса Богева. Присутна. Ружица Ристов. Тука.

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

- Усвојување на Записник од Четиринаесетта седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2022 година;
- Усвојување на Записник од Четврта вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 22.07.2022година;
- Усвојување на Записник од Петта вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2022година;
- Усвојување на Записник од Петнаесетта седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022година;

Од страна на Советникот Ратка Росомански поднесена е оставка до Претседателот на Совет на Општина Кавадарци од функцијата член на Советот на Општина Кавадарци согласно член 46 став 1 алинеа 1 од Законот за локална самоуправа.

Согласно член 49 став 6 од Деловникот за работа на Совет на Општина Кавадарци доставено е барање на податоци до Општинска изборна

запишано прваче во учебната 2022/2023 година на подрачјето на Општина Кавадарци;

8. Насловот на точка 8 Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година за штети настанати од поплави на територијата на Општина Кавадарци **СЕ МЕНУВА** и ке биде
   - Информација во врска со настанатите штети од невремето што ја зафати Општина Кавадарци на ден 13.08.2022 година
9. Предлог –Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во Општина Кавадарци;
10. Предлог –Одлука за висина на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дреново, с.Ресава, с.Бегниште, с.Шивец, населба Моклиште и с.Сопот;
11. Предлог –Одлука за висина на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб.
12. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и условите за користење, сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци;
13. Предлог –Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Кавадарци за време на одржувањето на манифестацијата Традиционален фестивал „Гроздобер 2022";
14. Предлог одлука за давање согласност за склучовање на спогодба во постапка за медијација (Тања Марковачева);
15. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет Малв П.бр.41/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;
16. Елаборат за процена на штети- суша во Општина Кавадарци во месеците Јуни, Јули и Август 2021 година;
17. Годишна Програма за работа на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-711/1 од 07.07.2022, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
18. Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-225/1 од 15.07.2022, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;

комисија Кавадарци за кандидатот кој што е последователен од листата на советници предложени од ВМРО ДПМНЕ на локалните избори во 2021 година.

По добиеното известување од Општинската изборна комисија Кавадарци и Известување на прифаќање на мандат на член на Совет на општина од страна на Александар Мукаетов, Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред на денешната седница и тоа :

- Предлог Решение за престанок на мандат на член на Совет на Општина Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на предложениот дневен ред .

Кој е за. Веса. За. Ружица. За.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 1

1.Предлог - Решение за престанок на мандат на Совет на Општина Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Предлог – Одлука за верификација на мандат на член на Совет на Општина Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Ружица. За. Веса. За. Благодарам. Едногласно усвоена.

Понатаму точките од дневниот ред се менуват редоследно

3. Предлог- Одлука за доделување на Награда "7ми Септември";
4. Предлог –Одлука за пренамена на средства од Буџетот на Општина Кавадарци 2022;
5. Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;
6. Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;
7. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејствата со

19. Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-267/3 од 11.07.2022, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа;
20. Годишна Програма за работа на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-183/5 од 13.07.2022, донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;
21. Годишна Програма за работа на ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-93/2 од 30.06.2022, донесена од Училишен Одбор на ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци;
22. Годишна Програма за работа на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-210/5 од 15.08.2022, донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Страшо Пинџур„ Кавадарци;
23. Годишна Програма за работа на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-236/3 од 07.07.2022, донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Гоце Делчев„ Кавадарци;
24. Годишен извештај за работата на ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за воспитната 2021/2022 година донесен на седница на Управен одбор со арх.бр.02-203/3 од 15.08.2022 година;
25. Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за воспитната 2022/2023 година донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-203/4 од 15.08.2022 година;
26. Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за 2023 година донесен на седница на Управен одбор со арх.бр.02-203/5 од 15.08.2022 година;
27. Одлука за зголемување на бројот на деца по воспитни групи за воспитната 2022/2023 година во ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-203/6 од 15.08.2022 година;
28. Одлука за утврдување на работното време на вработените во ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-203/7 од 15.08.2022 година;
29. Одлука за одобрување на продажба на основни средства со арх.бр.02-1213/9 донесена на седница на Управен одбор на ЈП „Комуналец" Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година;
30. ИЗВЕШТАЈ за редовното работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџивасилев Јасмин"Кавадарци за прво полугодие од 2022 година донесен на

седница на Управен одбор на ЈП"Мито Хаџивасилев Јасмин" Кавадарци со арх.бр.02-64/3 од 03.08.2022 година;

31. Изменување и дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџивасилев Јасмин"Кавадарци за 2022 година донесена на седница на Управен одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџивасилев Јасмин"Кавадарци со арх.бр.02-64/4 од 03.08.2022 година;
32. Измена и дополнување на Финансиски годишен план за 2022 година на Локален Музеј за регион Тиквеш Кавадарци донесен на седница на Управен одбор со арх.бр. бр.02-86/4 од 16.08.2022 година;
33. Годишен план за вработување за 2023 на Локален Музеј за регион Тиквеш со арх.бр.01-84/1 од 11.08.2022 година донесен од Директорот на Локален Музеј за регион Тиквеш;
34. Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
35. Статут на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци (пречистен тексст);
36. Извештај за работењето на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за периодот од 01.01.2022-30.06.2022 година;
37. Годишен план за вработување за 2023 година на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
38. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за плати, надоместоци на плата и други примања на вработените во ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
39. Одлука за усвојување на Ценовник за користење, одржување и реконструкција на мрежата за јавното осветлување на територијата на Општина Кавадарци.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Предлог-Одлука за раскинување на Договори за откуп на електрична енергија произведена од повластен производител на електрична енергија

од обновливи избори на енергија донесена од Управен одбор на ЈП Комуналец,,Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Веса. За. Ружица. За.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 40

40. Предлог-Одлука за раскинување на Договори за откуп на електрична енергија произведена од повластен производител на електрична енергија од обновливи избори на енергија донесена од Управен одбор на ЈП Комуналец,,Кавадарци.

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.

Повели прво Круме, па Јован.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ : Благодарам Претседателе. Врз основа на член 33 и член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнување на Дневниот ред со

1. Претресување на усвоената Инцијатива за бесплатни градинки доставена на 18.05.2022 година. Имам образложение на истата. Иницијално најавата беше Одлуката за ослободување на партиципација да стапи на сила од септември и економската криза секојдневно се влошува., па оттаму сметам дека треба народот што поскоро да дознае на што е. И уште една точка
2. Донесување на Одлука за продолжување на работното време на вршителите на угостителски и трговски дејности на територија на Општина Кавадарци, за време на манифестацијата Традиционален Фестивал Гроздобер 2022 година. Образложение на истата на итноста на оваа точка. Остануваат уште 2 недели до манифестацијата и сметам дека денешната. Ја имаме. Добро. Тоа е.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Дополнување на Дневниот ред со Советнички прашања точка.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали има други предлози на вака изменетиот Дневен ред.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Дали се однесува точката само на угостителските или и на трговските објекти .А законот не дозволува проширување и на трговските објекти. А за недела дали има можност правна да се прошири работното време. Може да ја ставиме точката како таква на Дневен ред. Да тоа ми беше инцијално идејата за трговските објекти. Затоа што угостителските секако имат правна

можност за да си регистрираат работно време и во недела, додека трговските пр. незнам овоштари, мислам продавници за здрава храна, семкари, кафе шопови, такви ствари, немат таква можност со закон им е забрането нели во недела да работат и заради тоа доколку има правна можност ние тоа да им го овозможиме, да им го овозможиме за тој ден. За трговски објекти. Пиљарите не. Недела е неработен ден и заради тоа да видиме ако имаме правна можност за тоа. За трговските се однесува ова. Да се испита правната можност за трговските дејности.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ :Во ред. Колеги бидејќи ќе имаме Верификациона Комисија, тогаш ќе го разгледаме на таа пауза, да нема пауза, па пауза и ќе го видат правните служби. Круме тоа е добар предлог. Значи да ја ставиме како Заклучок во точката што е на предложениот дневниот ред. А и на Градоначалникот барање ќе упатиме до Министерството за економија.

Почитувани Дневниот ред го ставам на гласање. Кој е за. Со дополнетите значи.

Се дополнува со советнички прашања и така дополнетиот дневен ред се става на гласање. Веса. За. Ружица.За.

Пристапуваме кон реализација на денешната седница.

Усвојување на Записник од Четиринаесетта седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2022 година;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Ружица. За. Веса. За.

Усвојување на Записник од Четврта вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 22.07.2022 година;

Ја ставам на гласање. Ружица. За. Веса. За.

Усвојување на Записник од Петта вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2022 година;

Ја ставам точката на гласање на гласање. Ружица. За. Веса. За.

Усвојување на Записник од Петнаесетта седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година;

Ја ставам точката на гласање. Ружица. За. Веса. За. Едногласно усвоена.

1. 1.Предлог - Решение за престанок на мандат на Совет на Општина Кавадарци;

Повикувам Верификационата комисија. Значи гласање за Советот за престанок за член за мандат за Советот на Општина Кавадарци. Тоа е мандат на Ратка Росоманска, член на Совет на Општина Кавадарци, заклучно со 25.08.2022 година согласно 46, став 1, алинеја 3, став 2,

став 1 од Законот за Локална Самоуправа. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Ружица. За. Веса. За. Во ред. Сега е пауза Верификационата Комисија да го верификува мандатот на новиот член на Советот на Општина Кавадарци. Пауза 5 минути. (Пауза)

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советници го молам Претседателот на Верификационата Комисија да го прочита извештајот од истата.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Врз основа на член 9 од Деловникот на Советот на Општина Кавадарци Верификациона Комисија на Совет на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 25.08.2022 поднесува извештај за верификација на мандат на член на Совет на Општина Кавадарци избрани на локални избори 2021 година одржани на 17.10.2021 година. Верификационата Комисија во состав Претседател Филип Тасев и член Горан Кузмановски изврши увид во доставените уверенија од страна на членот на Советот за неговиот избор и утврдување на идентитет и констатира дека за член на Совет на Општина Кавадарци се избира Александар Мукаетов од Коалиција Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ. Од страна на осветникот Ратка Росоманска од Коалицијата Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ поднесена е писмена оставка од функцијата член на Совет на Општина Кавадарци поради лични причини. Согласно одредбите од член 155, став 1,2 и 3 од Изборниот Законик на Република Македонија со право на мандат член на Совет се стекнува наредниот кандидат од листата, односно кандидатот Александар Мукаетов од Коалицијата обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ. Од страна на Општинската Изборна Комисија со допис бр.11-247/4 од 24.08.2022 доставено е известување бр. 11-243/3 од 24.08.2022 од Александар Мукаетов, кој писмено ја известил Општинската Изборна Комисија дека го прифаќа мандатот за член на Совет на Општина Кавадарци. Врз основа на спроведените дејства Верификационата Комисија костатира дека се исполнети условите за верификација на мандатот на членот на Совет на Општина Кавадарци и предлага Советот на седница да донесе одлука за верификација на мандатот на Александар Мукаетов за член на Советот на Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлог – Одлука за верификација на мандатот на член на Совет на Општина Кавадарци ја ставам на гласање. Кој е за. Веса. За. Ружица. За. Го молам советникот Александар Мукаетов да ја даде и прочита свечената изјава. Одлуката за верификација е донесена те молам да ја прочиташ свечената изјава. Да дадиш изјава.

СОВЕТНИК АЛЕКСАНДАР МУКАЕТОВ : Јас Александар Мукаетов свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, Законот, Статутот и одлуките на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Р. Македонија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Му честитам на изборот на новиот член на Совет Александар Мукаетов. Преминуваме на следната точка на Дневниот ред..

3.Предлог- Одлука за доделување на Награда "7ми Септември";

Почитувани го молам Претседателот на Комисијата за празници и манифестации да го даде изборот на лица за оваа година кои ќе ја понесат наградата 7-ми Септември .

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Комисијата за одбележување на празници и манифестации, доделување на награди и признанија на својата седница одржана на 24.08.2022 година за доделување на награда 7ми Септември, по повод празникот 7 ми Септември, Денот на ослободувањето на град Кавадарци наградата 7ми Септември се доделува на: Јордан Бањански за особен придонес во областа на културата, Ѓорѓи Вареловски за особен придонес во областа на хуманизмот, Марјан Димитров за особен придонес во областа на новинарството, д-р Марјан Кицев за особен придонес во областа на науката и публицистиката, Благој Наумов постхумно за особен придонес во областа на стопанството. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Почитувани предлогот го ставам на гласање на Комисијата. Кој е за. Ружица. За. Веса. За. Во ред. Едноглсано усвоена.

4.Предлог –Одлука за пренамена на средства од Буџетот на Општина Кавадарци 2022;

Дали има некој збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Ружица. За. Веса. Има пречки. 18 за. За. Благодарам. 19 за.

5. Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Веса. За. Ружица. За. 19 за.

6. Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Ружица. За. 19 за. Веса. За.

7. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано првачe во учебната 2022/2023 година на подрачјето на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Ние минатиот Совет оваа точка ја усвоивме, меѓутоа во соодејство со Градоначалникот во еден интерен разговор видовме дека подобро е тие средства да бидат одвоени за сите, а не фамилиите да имаат обврска да поднесуваат барање во архивата на Општина Кавадарци. Така да измената само тука се состое. Во ред и податоците од училиштето се разбира. Ја ставам точката на гласање. Кој е за. Ружица. За. Веса. Воздржана. Воздржани. 6.5, да.Во ред.

8. Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година за штети настанати од поплави на територијата на Општина Кавадарци

   - Информација во врска со настанатите штети од невремето што ја зафати Општина Кавадарци на ден 13.08.2022 година.

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Градоначалник.

   ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател, почитувани советници. Исто да честитам и на новиот советник. Добре дојде во советничката група. Од минатото невреме кое што ја зафати Општина Кавадарци формиравме комисија, две комисии од по 5 члена, кои што во најбрз можен рок, а тоа е од 3 до 4 дена излегоа на терен да ја увидат фактичката состојба врз основа на пријавени штети во Кол Центарот и во Граѓанскиот Центар на Општина Кавадарци. 80 -тина отприлика пријавени, 80 посетени објекти. Иницијално беше првично да се посетат што побрзо сите семејства што имат настанато штета поради тоа што луѓето некојси беа во фаза да почнат да реновираат или да ги санираат штетиве. Истата Комисија ви достави список со податоци и со информации од сите 80 посетени семејства во класификација на нивните штети и .... Комисијата што е избрана со Одлука на Совет за утврдување на штети. Понатамошното постапување заради информација на јавноста и на луѓето кои што очекуваат ќе биде од понеделник Комисијата за штети врз основа на

класификацијата направена од претходните две комисии ќе ги утврде приоритетите и ќе излезе на лице место за да утврдат финансиска штета која што е направена по однос на детектираната штета од првичната комисија. Врз основа на таа финансиска пресметка ќе ги добиеме податоците во рок од една недела да ги разгледа комисијата и да предложи на Совет на наредна седница на Совет да се одлучи во делот на обештетувањето на настанатите штети. Зошто е ова овака направено. Е направено така затоа што имаме штети направени од кровови, односно од застарени кровови. Треба тука да заземите став и како Комисија за обештетување, меѓутоа и како Совет. Има штети направени од искршени прозори, од отворени прозори, а има и реални штети направени од поплавување од наплив на води, кои што недоаѓаат од нивни имоти, површини, него доаѓаат од трета страна, така да врз основа на тоа што Комисијата ќе одлучи во кои семејства со кој коефициент ќе се оди на утврдувањето на штетата и ќе биде предложено до Советот за исплата на материјалните, односно финансиските средства во делот на обештетување на тие семејства. Така да очекувам наредната седница да ги имаме во комплетност како финансиската конструкција колку ќе треба да се издвојат од буџет на Општина Кавадарци за да се исплатат тие штети од невремето, кое ми се чине беше 10ти или 11ти , 13 август . За жал вчера во Општина Кавадарци пак имаше појава на невреме, претежно во моклишкиот , ваташкиот дел, населбата Коњски Дупки и делот Бел Камен, претежно тука беше поголемиот пороен дожд. Исто така се пријавуваат сега штети, на исти начин ќе пристапиме. Мислам дека до наредниот Совет ќе ги стигниме и тие, помал обем се, не се 80, негде се околу 10, 12 пријави до сега и очекувам веќе да биде, да не одмине ова невреме. Доста е веќе два пати за 15 дена, да го средиме градот уште еднаш пак како што беше во кондиција и да нормално овие семејства кои што имат претрпено штета од трето лице, а тоа е невремето да бидат обештетени сразмерно и транспарентно во делот на финансиската конструкција, нормално со одлука на Совет. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалниче. Информацијата ја ставам на гласање. Извини. Повели Павле Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Јас ќе се задржам на делот од штетите предизвиани заради поплавите. Сметам дека не

смееме да избегниме две според мене главни причини за настанување на поплавите, при настанување на оваа елементарна непогода, а според мене тоа е несоодветното одржување и чистење на деловите каде што има атмосферска канализација, односно сливниците за тие атмосферски канализации и соодносот на атмосферската мрежа наспроти останата инфраструктурна мрежа. Значи само 23 км на атмосферска мрежа сметам дека големината на градот не може дасе покрие. И тука во иднина како капитални инфраструктурни проекти мора да се мисли токму на ова. И исто така ова ќе го искористам да споделам и реакции од граѓаните, пред се од оние од улица 7ми септември и тоа резидентни граѓани кои што работат на оваа улица. Значи тука му се работните места и граѓани кои што транзитираат секојдневно на оваа улица, дали до работно место или слично реакциите се во поглед на времетраењето на реконструкцијата на оваа улица, затоа што се засегнати од различни аспекти, од нормално функционирање до економски аспекти и со ова невреме дополнително се искомплицираа работите во овој дел од градот и сметам дека мора да се води сметка на ова, да се заврши што побрзо. Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче со цел респект и почит лично према тебе пред се како лекар и доктор во делот на успешноста на работењето, не треба да зимаме публицитет од оваа работа, нема да нападнам ниту да навредам, него соодветно се одржуваат сите сливни подрачја гарантирам. Еве го директорот на ЈП Комуналец е тука. Нека излезе, дај ми едно неодржувано сливно подрачје ќе си превземиме лична одговорност. Решетки, шахти, сливници. Сите атмосферски канализации кои што ги спомна 23 км знаете ли колку се, проверете ги во другите општини колку се, колку има, 23 км атмосферска канализација е одлична кондиција за територијата на Општина Кавадарци. Таму каде што има соодветна проектирана атмосферска канализација ние имавме река поголема од Луда Мара. Нема можност таква вода да приме ниедно проектирање. И на крајот 7ми Септември воопшто не се работе споро, воопшто не е задоцнета, ниту закаснета. Тоа е проект од 2,5 000 000 евра токму само за атмосферска канализација, водоводна и канализациона. Таму немаме, работиме, месец и пол се вводедени во работа и се веќе во фаза на асфалтирање. Значи фирмата Жикол, значи неоснован е коментарот дека таму се работи споро и дека се доцни. Тука е КФВ Германска банка со Светска банка подршка, Министерство за

транспорт со надзори надвор од Македонија. Сите надзори исто што ги имаме и стручни соработници се од Холандија, од Австрија, од Германија и се со оценка 9,5 во делот на работењето на компанијата и изведбата на самата улица. Од друга страна повикувате на изведба на повеќе атмосферски канализации. Атмосферска канализација и канализациона се праве на 50-100 години еднаш и тоа е многу макотрпна работа која што ја работат на ров од 6 метра длабочина да postават Ф1500 цевка во должина од 1,9 км во градско подрачје. Инаку тие сите на 7ми Септември и јас движам секојдневно, ги посетувам, може пред мене не зборат така, независно, до вчера немаа канализација и ќе ги потенцирам, спроти Полициската Станица дуќаните до фото студиото, не му го знам името, четирите дуќани немаа канализација. Замислите 21 век, немаа канализација. Сега им се овозможува и канализација да добијат и атмосферска, а и нова водоводна мрежа. Исто на Мито Хаџи Василев Јасмин, долниот дел од Мито Хаџи Василев беше континуирано со запушена канализација, дотраена канализација.Значи тие проекти 7 кои се одобрени од 2,5 000 000 евра е макотрпна работа да се спроведат, 3,5 години само траеше мониторингот на проектите, по завршувањето рокот на изведба на проектите му е една година. Ние притискаме до Гроздоберот да бидат улиците асфалтирани. Така да интензивно се работе во добар континиуитет. А за сливници, решетки, таложници, удолници и оние како ги викаат поројни долници континуирано овие 4 години 3 пати годишно се одржуваат. Тоа е докажливо. Директоре те молам еден записник да извадите од сите активности кои што ги имаме последните 2 години и еве да ги доставиме официјално, оти чистиме решетки, ако зборуваме за пред 4,5 години не се чистеа, сега се чистат редовно сите интензивно и се чисти меѓутоа примарната мрежа и секундарните услови кои што може да ги добијат во делот на наплив на ввода од 80л/м2 за 20 минути, изрчунајте дали може да хидролошки примиме такво нешто, речното корито не може да го приме тоа, а не пак нешто друго. Така да кога станува збор за елементарна непогода. Ако не е елементарна непогода и биде. Не ги зборувате работиве каде што реално имаме проблем. Димката Ангелов Габерот улицата имаше реален проблем од наши проблеми каде што ги поплавуваме луѓето. Пред 2 години го решивме. Орце Николов, тоа на Ѓорѓи Соколов мислам дека беше улицата континуирано беше поплавувана улицата на помали дождови, сега не е поплавувана, односно семејствата во прв ред

на самата улица таму му го решивме колекторот. На Блажо Алексов направивме реконструкција на 300м на колекторот . Кога се правеше Блажо Алексов таму луѓето и на мали дождови имаа излегување на канализацијата така да тие такви хронолошки проблеми кои што ги имаше во делот на излевање на канализацијата се решени. Може добро е да се потенцира и да се каже за понатамошно постапување при пообилни дождови кога немаме излевање на атмосферска канализација и поплавување на улици, а имаме полавување на семејства да ги повикаме граѓаните сите олуци или т.н. буки и сливници кои што ги имаат од кровните подрачја да си ги извадат од канализационите мрежи. Главниот и клучен проблем доаѓа што сите кровни конструкции се ставени во канализацијата. Е тоа е проблемот кога имаме помали дождови, а канализациската мрежа не е предвидена за атмосферски води. Со овие 7 проекти 90% Кавадарци добива атмосферска, канализациона мрежа и јас тија проект ниту сум го измислил, ниту сум го правел, тој проект е направен 85 година за Општина Кавадарци со Развојна Програма за 80 000 жители. Така да ова што го правиме денеска е спроведување на Проектот Докомплетирање од 85 година кој што исто така ќе го дадам на увид да видете како е направен еден проект 85 година, кој што денеска не може ни да го нацртаме, а не пак да го направиме. Така да Општина Кавадарци во тој дел нема проблем. Ако мислите дека стварно има проблем во делот на атмосферска канализација и дополнување јас би сакал да ги видам тие иницијативи и да ги видиме и предлозите. Да не испадне само празен муабет. Има уште три клучни улици, 41 Девизија, горе кај Рогушот лево, сега вака го спомнав не знам како се вика улицата, тука има уште еден проблем кој што треба да се реше атмосферски рушење на гаража и тоа е генерално 90% од подрачјето на Општина Кавадарци што треба да го решиме од дождовни води, меѓутоа кога станува збор за елементарна непогода видовте во Анкара, видовте во Истанбул, видовте во Барселона, видовте во Минхен, видовте во Виена. Виена има подземен канал поголем од нашиот град, а дојде до поплава. Со временски неприлики неможеме да се бориме. Наше е само навремено да интервенираме и да после тоа го средиме. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Повели Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани граѓани на Општина Кавадарци, колеги советници, Претседател на Совет,

Градоначалник,медиуми и останати. Тоа што ни се случува на два наврати со првото невреме пред околу десетина денови или две недели и кај што имавме да кажам еден пообилен и поинтензивен дожд и она што се случи минатата вечер кај што невремето не беше воопшто споредливо врз основа на она претходно и излегоа на површина сите оние проблеми од инфраструктурен аспект кој што ги има Општина Кавадарци, спомна и колегата Павле, а тоа е дека гледано од аспект делот на атмосферска канализација, не може да кажеме дека со 23 км ни е целосно градот покриен, а имаме од друга страна сразмерот во однос на водоводната мрежа ни е 6:1, ако гледаме од тој аспект. Не знам дали е стручно. Јас се консултирав и со други лица и од консултациите што ги направивме дека градот во делот на атмосферска канализација е слабо покриен. Тоа е еден момент. Втор момент зошто се случува поплавата, дури и на места каде што имаме атмосферска канализација. Или е капацитетот на самата атмосферска канализација премал за таа работа или има одредени проблеми во делот на чистењето на каналите на самата атмосферска канализација, ама очигледно е дека има проблем. Не е можно јас живеам во централното градско подрачје. Живеам на улица Блажо Алексов и постојано имаме поплава. Исто е и улицата Ќиро Крстев, кој што живееме директно до реката Луда Мара каде што треба да се слева водата, каде што е наједноставна работата, да не зборувам за поруралните средини или за периферијата на градот што се случува таму и со какви проблеми се соочуваат таму. Така да сметам дека во тој дел мислам дека стоиме слабо и мислам дека инфраструктурно подобрување не е само редење на асфалт туку претставува целосно поставување на комплетна инфраструктура за една улица се со цел да не ни се случуваат овакви работи, а овакви работи ќе ни случуваат заради тоа што имаме климатски промени кое што претставува нешто што е глобален тренд, така да не можеме да се надеваме дека тој тренд нас би не одминал, баш напротив овакви работи би имале доста почесто во иднина. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само да дополнам пред директорот. Ќе извинете, значи ние во централното градско подрачје имаме повеќе нанос на вода него во периферните подрачја. Периферните подрачја кај нас се сите повисоко поставени него во централното градско подрачје . Ова што го спомнавте Ќиро Крстев, што го спомнавте Блажо Алексов, напливот на води кои што доаѓа од Југо Комерц, целиот поминува преку центарот. Токму сега со 7ми

септември, Мито Хаџи Василев и Вишешница ќе се реши тој наплив од Југо Комерц и директно ќе оде во речното корито, меѓутоа ако дојде, велите не беше со таков обем, ве молам проверете ги насоките од ЦУК од Скопје. Јас сум член на тој Кризен Штаб како Градоначалник и добивам пораки дека сум во црвена зона. Тоа како пилот кога добива порака во црвена зона, мора да бега лево или десно, градот не може да го изместиме. Имавме спојување на два облака, кои се споија над Кавадарци и тоа поготово пак ќе спомнам, вчера беше моклишкиот дел, Бел Камен и Коњски Дупки. Значи нема бегање црвена зона беше тоа прогласено за елементарна непогода односно невреме. Не го прогласувам јас. Ако не е невреме во тој случај да бараме одговорност од друга страна, меѓутоа е невреме, од црвена зона. Прошлиот пат беше исто од црвена зона само со поголема територија на општината, односно попогоден беше централниот градски дел. Еве сега да бидиме реални вчера вие во централното подрачје немавте проблем, а имаа. Немавте таков проблем и немавте поплавување. Улицата ми ја сликаш кога дождот пороен минува. Мора таа вода негде да се движе, мора негде да оде таа вода. Нема нешто што може таа вода да ја спрече. Мислите дека во Истамбул, Анкара се понеписмени од нас или немаат пари. Не луѓе, тоа е се проектирањето. Стручниот дел на правењето на тие ситуации, ајде да го збориме Западен Булевар, новопроектиран Западен Булевар со нова проектна документација, со комплетна подземна и надземна инфраструктура, атмосферска, канализациона и водена мрежа и осветлување и нов асфалт ставен. Нас во моментот Западен Булевар ни го поплавува околината, не го поплавува булеварот, а тоа е Индустриската зона која што е изградена бесправно и легализирана од 500 000 м2, покриени простори и таа вода цела има наплив на Западен Булевар. Каква сакате ставете цевка, нема шанси да го акумулираме тоа. Не можеме да го акумулираме. Така да се сеќавам како дете и на 94-та година поплавата во Кавадарци и Неготино, се сеќавам и на 98-ма и на 2003-та што ја имавме и од овој аспект сега. Сва среќа имаме што се изградија 5-те мини хидроцентрали што го регулират нивото на Моклишкото Езеро и ја регулираат хидрологијата во делот на обемот на прилив. Ако ги немавме 5-те мини хидроцентрали пред најавите за врнежи и развиената технологија да го спуштат Моклишкото Езеро на минимум, за да ја регулира водата од Бошавијата, Конопиште, од Витачево ќе имате вие изливање на Луда Мара тоа така ви го

гарантирам. Има тука и повозрасни луѓе што го знаат тоа и го паметат. Така да мислам во тој дел максимално се работе, а сакам директорот да објасне за овој дел стручниот во атмосферска и чистењето и другите работи.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ: Јас би напомнал дека сливниците изминатите години на пример се чистеа 2-3 пати, ние само сега со овие 2 напливи на пример имаме генерално чистење. Значи двапати имаме само во овие две недели чистење на сливниците. Значи секоја улица што се праве реконструкција, гледате и сами, вие мините низ неа, не постое улица што правиме реконструкција, а да не се реконструира водоводна, канализациона и атмосферска се става. Нормално дека сите улици не се реконструирани, меѓутоа има и нареден период. Значи тие се проблем. Зошто се проблем. Затоа што сите буки, сите дворни места, сега нема виќе небетонирани дворови, неуредено двориште, значи немаме ние можност, немаме површина за да упие вода. Порано имавме земјени површини. Сега ги нема тие и сите влеват сега внатре во канализациона мрежа. Канализационата мрежа не е предвидена за вакво енормно количество на вода. Па видете нели слики имаше, имаме нели ние и група тука во која ги споделуваме. Јас синоќа бев до 2 саатот на терен. Не Дренова, не околните места, сите ги поминавме. Значи незнам каква цевка да сеставе таа вода не може да ја прифане. Се прават пресметки. Значи се ни е опфанато. И денес се врши чистење на решетките, на сите по ред. Така да мислам не држе нели тврдењето дека не се чистени. Ние само сега 4 пати до сега имаме чистење и се чистат и понатаму сите решетки, сите, се прават одводни канали на пр. местата каде се подложни на тоа. Сега на пр. овие показатели ги гледаме, ги сумираме сите и нормално дека во иднина ќе реагираме. Не ни е се решено. Ако било се решено ќе биде ок. Не е се решено. Што би работеле ние тука, ако е се решено. Значи имаме проблеми и ќе има проблеми. Затоа сме ние, за да ги решавме. Ги бележиме сега сите тие проблематични места и во наредниот период си носиме програма и во наредниот период ќе ги решиме тие. Не може се преку ноќ. Градот се шире луѓе. Се шире градот и нормално е овоа што се случува. Сега сме повеќе погодени нормално нели и ради изградбата што ја имаме. Значи имаме носење на тампон. При првата поплава ова што се деси, па ние само од кружниот ток доле кај протокалот ние имаме 50, 60 м3 тампон само донесено тука, што ноќта сето се туркаше и се средуваше со сите машини. Синоќа ни се случи истото на новиот мост, Ваташкиот тука . Значи

ние ги согледуваме тие места кои се критични, правиме ние записници, не седиме така и во наредниот период нормално дека ќе се тежнее да бидат отклонети. Само мислам дека не е у ред сега да се напаѓаме едни со други. Битно е дека ние се носиме со ситуацијата во градот. Никој не го сака тоа, меѓутоа кога ќе дојде ние се справуваме со тоа. Уште синоќа беа сите крстосници оспособени за сообраќај. Да, јас уште пред да биде невремето бев низ градот сегде. Значи ние го очекувавме тоа и бевме на сите места. Од 1 саатот синоќа Дреново се чистеше Градоначалниче. Од 1 саатот до утринските часови, сабајле до 5 саатот Дреново се чистеше патот, кој што беше, сега во реконструкција, а беше целиот со тампон. Значи зборот ми е тоа дека се решаваат проблемите и ќе се решаваат во иднина.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи вака. Јас не спомнувам дали се саниралe штетите после невремето или не. Не е спорно тоа. Меѓутоа дали треба да се доведуваме во ситуација да санираме штети или да превенираме. Тоа е едната работа. Втората работа Градоначалник викате дека се е комплетно покриено, дека добра е атмосферската мрежа, а сами од друга страна сте контрадикторен и ги наведувате кај имате проблем и зошто ви се поплавуваат улиците. Имаме 40л/м2 и у текот на вчерашниот ден . Меѓутоа во текот на вчерашниот ден дождот не беше така интензивен, како што беше првиот пат. Првиот пат беше од 20 минути. Беше истата литража по тоа што можевме да го прочитаме по медиумите, меѓутоа првиот пат беше драматично, мислам поинтензивен. Вчера немаме таков интензивен дожд, а имаме пак ист проблем. Али проблеми има и во централно градско подрачје. Тоа беше само. Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас само да дополнам. Значи не ми е целта да се напаѓаме и да се правдаме. Реално затоа јас споредив и Анкара и Барселона и Минхен и кај сакаш нема идеално. И ќе ве потсетам на уште една работа. Значи ако сега ние работиме со капацитет инженерски, таков каков што го има во државата, со капацитет финансиски таков како што го имаме, еве јас на една работа не се сеќавам, али ми е прераскажана и сум ја видел со очи. Ако од 79-та година Рудник Ражаново кога се градел за Фени требало да биде пруга до Кавадарци, не е проектирано лента за транспорт на рудата и од село Мрежичко до Рудник Ражаново има ископано два тунела по 700 м. пруга поставена, пат асфалтиран Мрежичка река доаѓа со таков обем, кој не се памте во 1000 години и ги поплавува и тунелите и пругата. Сега нема капка вода таа река да

ја гледаш. И така е дојдено да се смене во делот на да се направе лента. Ние не можеме да ги предвидиме тие стогодишни, пеесетгодишни води. Дека атмосферата ни е пореметена,да пореметена ни е. Дека не одговара ова за никој, не одговара. Ни за лозарство, ни за никој друг. Дека е елементарна непогода, не ја прогласувам јас, ја прогласува ЦУК и ја кажува црвена, жолта, портокалова, зелена зона, они ги прогласуваат. Дека имаме ненормални врнежи во краток интензивен период и тоа чудно, чудно.Во Ваташа врне, истура, во новиот центар капе. Значи како да ви кажам летна облачка ли или што е незнам. Не сум метеоолог, ниту малку можам да посакам, меѓутоа не е добро и во овој дел вакви поројни дождови да имаме. Дека идеално не е, тие улици што ги споменав се ставени во реконструкција. Атмосферската канализација со 2,5 000 000 евра ќе ја подобриме само за уште 3 км. Немој да мислите дека ќе направиме 30 км. Најскапата работа за градење е атмосферската канализација. Размислите една работа. Само уште ова. Дали не треба да покрениме иницијатива до Водостопанство, да покрениме иницијатива до Министерство за земјоделие, кои се компетентни и надлежни за чистење на сите сливни подрачја надвор од ГУП-от, а тоа се земјоделските земјишта, реките, долници кои што 20 години не ги чепнал никој. Прошетајте се до Моклиште, видете колку каскади има направени од времето, 60-та година, ниедна каскада не е исчистена. Каскадите се за ублажување на водата и за собирање на поголемите камења и шутот. Отидете во Овчка река. Отидете во Марена. Отидете сегде. Значи Водостопанството не си ја брка дејноста. Исто и Министерството за земјоделие, кое што е надлежно. Ние треба да рзмислуваме, да направиме, од ова сега директорот што го спомна токму тоа работиме да сумираме, да видиме кои се тие долници кај што имаме најмногу прилив на вода, надвор од градското подрачје. Значи ние немаме проблем со водата што врне во градот. Таа ја апсорбираме. И атмосферската е проектирана таа вода да ја акумулира, него имаме проблем со вода која што доаѓа надвор од градското подрачје, а таа е таа вода што ја гледате со кал, матнеж и песок и таа доаѓа уште незнам од Овчка река, доаѓа од пред Југо Комерц, доаѓа од Моклиште. Е таа е таа вода што ти иде тебе во центарот на градот. Сега ти можеш да се смееш колку сакаш, ама од кај таа кал во градот што стигна.За кал ти зборам, не за тампон. Абе види во Ваташа вчера на мостот колку кал имаше, 50м3 кал. Цел рид се симна во Ваташа како да ти кажам. Така да имаме тука проблем. Треба да правиме одводни

канали и да ги чистиме крупните залаци во делот на речното подрачје.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: И јас сакам да дадам едно мое видување пошто оваа проблематика во Комуналец и со атмосферската канализација и фекалната ја работам и добро ја познавам. И на овој Градоначалник сум му давал насоки, а и на претходниот и на многу пред тоа дека Кавадарци како град е проблематика, има наноси на земја и треба една година во комунална програма или програмата на Градоначалникот да ставиме подводни канали што нема да дозволат наносите на земја да доаѓат, а превентивата ја гледам во тоа, а инаку невремето не можеш да го совладаш. После невремето можеш да ...Превентива што треба Комуналец да направе, сум зборел не знам дали пред година или две или пред повеќе атмосферската канализација во Кавадарци има фито 50 или 100, наносите на земјата ја пополнуваат цевката и цевката има посебно направено на 30...., а превентивна заштита од поплава треба Комуналец на излезот кога има поплави и ако се најдат во течението на реката гледаме дека профилот не иде полн, значи 100-ка цевка ако е полна и притисокот бара да фрли вода преку река , од друга страна, горе затната, а доле доаѓа 30%. Кога не е невреме тоа е голема количина на вода што треба да ја уфрлиме у атмосферската канализација, кога има прелив од Лукар, значи кога има прелив на вода, вишокот од вода да го собериме како една превентива на Комуналец кога не е невреме ги мене профилите на цевките на атмосферската канализација, да се стави вентил или да го затвориш треба системот каде што истекува и да полниш, неколку пати да испушташ, наносот од цевката оној долниот го копаш со багер, гледав некој пат на реката има исфрлено тампон многу во реката и Комуналци да баш ги видовме како работат, ама внатрешниот профил на цевката пр таа доаѓа 2,3 км.... Тој проблем еднаш го имаме решавано, во некој дел во претходните мандати, на некој дел на канализационата цевка и атмосферска и застанавме. На таа проблематика како препорака нека биде Комуналец да работи. Значи превентивно одржување на атмосферска канализација е во тоа. Ние кога ќе видиме дека сите профили одат во атмосферска канализација, под притисок исфрлаат вода во реката тогаш се чисти. Тоа го нема. Тука некаде да се реагира превентивно и да имаме малку помали поплави, инаку кога е невреме тоа е.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ: Јас се согласувам со исказот на господинот, меѓутоа дека рече се чистат цевките, со каналџетот на пр. имаме таму променливи глави према фито на цевката и истите ги користиме баш за овие причини на пр. Нормално луѓе сега разговараме нели како. Сите ја знаеме проблематиката.,Значи кога ги чистиме улиците, па макар и кога ги миеме водата напред што турка, турка нели дел и песок, турка ситен материјал. Кога ситен материјал влегува во цевката и он праве некоја си бариера. Е затоа на пр. со каналџетот на пр. и со другите, не со цистерните. Под притисокот од 300 бара на пр. ние ги пробиваме тие, ги чистиме. И се чистат редовно. Меѓутоа се согласувам дека треба превентива, меѓутоа јас превентивата од околните места повеќе би ја насочил ајде на пошумување, на ерозија на земјиштето. Значи да немаме нели кал да ни носе одозгоре, треба тоа земјиште да го држе нешто. Значи да се насочиме во иднина на пр. кон таа превенција, пошумување на околните места и се согласувам со правење на одводни канали околу градот. Значи ние потполно ја собираме цела атмосферска вода. Ние немаме проблем со тоа. Ви кажав, порано на пр. имаме ние небетонирани површини по дворишттата, имаме земјени површини. Пошто земјена површина, пак ќе речам, ја упива дел од водата. Сега веќе нема. Ретко ќе видиме двор кој што не е бетониран или не е плочки нареден. Значи ние више немаме упивна површина, немаме земјиште и цела се слева внатре. Тука сме дел крив и ние и граѓаните. Зошто. Има многу улици кај што имаме воведено атмосферски цевки, атмосферска канализација имаме воведено, меѓутоа граѓаните ради тоа што треба да ископат сеуште дворот да не го копат сеуште атмосферската вода не е во атмосферската вода туку е во фекалијата, него е канализационата мрежа и тогаш ни се јавува проблемот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи вака. Јас само можам да сумирам пошто ги разгледав сите пријави на штети. Немаме ние некоја штета направено ниту од ова невреме, ниту од претходното невреме, некоја катастрофална штета направена. Се се мали штети, мали поплави, дури делумно не се поплави него му влегува дожд од кровот, од прозори, од тие работи. Затоа реков треба добро да ги виде комисијата, да виде што е за штета, што не е. Немаме штета од направено носење коцки, улици, поројни асфалти ископани и такви работи, претежно се штетите направени. Штетите, не се ни штети, моментална состојба од наносување на талог и земја од соседни, ајде како да ги речиме подрачја, ридови, кажи ги како

сакаш земјоделски подрачја и држе вода муабетот дека треба да размислиме заедно со Министерството за земјоделие, да правиме одводни канали , а тие се прават одводни канали отворени, не е тоа атмосферска, оние земјени канали околу град кај што, да не доаѓа наплив на води поројни од таа страна и во тој момент ако ние немаме наплив на води во делот на поројни води, водата од градот ќе си ја собериме цела во атмосферска канализација и нема да имаме проблем, поготово со завршување на седумте проекти. Тоа е тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара. Александар повели .

СОВЕТНИК АЛЕКСАНДАР КЛИНЧАРОВ: Поздрав до Градоначалникот, до Претседателот на Совет, поздрав до вас колеги и да ви се заблагодарам и вас за довербата. И еве како прв говор што ми е овде на оваа седница можеби сеуште не сум вклопен толку во работата, но овде очекувам дека нема многу да политизираме дека нема да ги злоупотребуваме невремињата и мислам дека ние како советници треба да кажиме каде се проблемите и да го кажиме начинот како да ги поминиме тој проблем и мислам дека не убаво вака да се политизира за дождот, мислам дека Кавадарци како град има градежна експанизија, градот доживува ренесанса и нас на сите треба да ни биде чест што сме дел од овој Совет. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Ристе. Во ред. Ружица. За. Веса. За. 19 за. Усвоена е точката Информацијата во врска со настанатите штети за невремето кое ја зафати Општина Кавадарци на ден 13.08.2022 година.

9. Предлог –Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во Општина Кавадарци;

   Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. Против 6. Ружица. За. Веса. Против. 12 за 7 против.

10. Предлог –Одлука за висина на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Дреново, с.Ресава, с.Бегниште, с.Шивец, населба Моклиште и с.Сопот;

   Отварам претрес по оваа точка. Повели Вуко Мелов.

   СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Тука отвараме една точка каде што станува збор за делот на транспортирање на комунален отпад од одредени села и едната и другата точка се однесува на села кои

што се присутни во Општина Кавадарци. Јас сметам дека нивото на комунални услуги кои што ги добиваат граѓаните кои што го добиваат во овие села, мислам дека не е соодветно и дека не е исто во однос на она што го добиваат граѓаните во централното, мислам во градското подрачје. Така да сметам дека оваа работа која што оди овака сега мислам дека не треба да се менува и мислам дека оваа одлука не треба да се спроведува и да се наметнува плус давачки од 0,5 за дворна површина. Ние во руралните средини не инвестираме ни приближно како што инвестираме во градот. Така да сметам дека од тој аспект мислам дека граѓаните во овие села не треба да плаќаат исто како што плаќаме ние кои што живееме во градското подрачје. Плус имам реакции од одредени села дека фреквентноста на изнесот на смет во однос на одредени места е значително, не одговара на она што претставува реална потреба дури и во делот од селата нема контејнери во кои што граѓаните ќе може да го фрлаат ѓубрето, па го фрлаат на одредени места и со тоа добиваме диви депонии во делот од овие села. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче бе рано е за избори или за парламентарни се спремаме сега. Значи вака сега. Сега пред малку тука советникот даде изјава свечена дека ќе го бране Уставот, интересот на Општината и така треба и вие да го браните Уставот и прописните закони. ЈП Комуналец бесплатна услуга не смее да врше на никој. Неусогласена работа не смее да врше на никој. ЈП Комуналец работе само по програма со одобрена одлука на Совет. Токму тоа е тоа. Ние од пред 4 години со претходниот Совет и претходниот мандат воведивме пробна работа во сите овие села што ги споменавме сега, од Чемерско, Мрежичко, Конопиште, Бохула, Страгово, Бојанчиште, да го исфрламе изнесот на комунален смет. Не се работеше тоа претходно. Се правеа диви депонии во самите села. Исто и за Ресава, Бегниште, за Сопот. Во Сопот не се фрлаше комуналенот износ, не знам дали занете, пред 4 години не се исфрлаше. Се правеа диви депонии. Да. А бе ги чистиме и дивите депонии. Нема диви депонии. Знам видов слики кај сте се сликале, не е тоа дива депонија. Тоа е истурена корпа. И сега утврдуваме една работа. Во договор со месните заедници утврдивме и договоривме да бидат на минимална цена на износ на смет. Зошто. Ако одиме по Правилник како што одиме во градската средина сите луѓе кои што живеат во село имаат куѓи, а имаат дворови по 2000, 3000, 4000 м2 кои што ги користат за земјоделски површини претежно. Ако му наплатиме за

земјоделските површини што ги користат дворовите како што е во градот ние треба да му наплатиме по 4000, 5000 денара од семејство. Ние се усогласивме со нив да му наплатиме за покриениот простор 0,5 денари од м2 со максимална дворна површина до 160 м2, без разлика колку има двор. Да не биде сметката поголеа од 200, 300 денари по семејство, што е анулирано на нула. Само регулирано за да може да има Правилник за работа. Инаку да знаете дека еден круг на износ на комунален смет во Бошавијата е 140 км на едно возило. Исто и на другите села и таму износот на смет кошта многу повеќе. Ни во еден случај не се покриваме со овие средства, али од аспект на она од вас што го кажавте дека граѓанството во централниот град каде што е сконцентрирано плаќа со истите акумулирани средства, ние усогласуваме да во цела територија на Општина Кавадарци го изнесиме комуналниот износ од делот на тоа што го прават граѓаните. Ова сето што го правиме е на барање на селата, на барањата на месните заедници, на барањето на населба Моклиште, на 12-те Деца, на Брушани. Го воведуваме во систем да ЈП го задолжиме да ја брка таа работа, а колку интензивно од таму се исфрла комуналниот смет е врз основа на комуникација со претседателството или задолжен човек од селото. Ние нема да појдиме во Конопиште, ако е контејнерот празен. Не дај боже. Значи ако се наполни предвреме ни јавува еден ден и се организираат. Така да тоа има еден систем воспоставен кој што функционира. Дивите депонии. Не постои дива депонија во Општина Кавадарци што не се чисте, за жал се прават секојдневно. Во Дреново имаме досега оваа година, баш сега го видов податокот 6 пати чистење на дивата депонија, претежно таму од лук од кромид, не знам земјоделски производи, кои што се фрлаат, се прави дивата депонија и ја чистиме 6 пати до сега. Во Сопот имаме чистено и такви диви депонии добро е што не се јавуваат во други села, него се интервенира навремено и се исфрла комуналниот износ. Она што е износ на смет во делот на земјоделски производи, кој што претежно се јавува најмногу во есенскиот период, имаме одлука на Совет уште претходно донесено на барање на граѓанството на одредена локација поставуваме контејнер за исфрлање на такви производи, директно контејнерот го носиме во депонијата и не му го наплаќаме тоа, само да не прават диви депонии. И малтене јас мислам дека нема фирма во Кавадарци што нема по два пати исчистено донациски диви депонии, вклучувајќи го и Ристо Сакалиев, ако памтите два пати и он чисте

дива депонија. Значи не оставаме дива депонија да не ја исчистиме. Повеќе пати ли е. Тоа сакам да го потенцирам. Не е ова покачување на износот на смет. Досега не плаќаа ништо, а сега ќе плаќаат до 150м2 дворна површина и куќа од 0,5 денари од м2. Една куѓа во с.Сопот е незнам 150м2 и износ на смет од 160 максимални квадрати за двор сметката нема да биде поголема од 180, 200 денара. На некој начин евиденција за да може по Закон да работе ЈП. Благодарам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ме пофали Градоначалникот. Да помагам во чистењето на диви депонии, него друго ми е зборот. И на почеток на мандатот на Градоначалникот и на Комуналец му предложив, не беше овој директор руралниот дел горе го рачунам Мрежичко, Рожден, Куманичево, овие села што не се врзани, што имаат водоводи кај што сме помагале за правење и на води. Општината во Рожден направила водовод што кошта 100 000 евра пари. Не го стопанисува никој водоводот. Го правиме и го оставаме, не го даваме на Комуналец и во тој водовод се приклучува секој, прави што сака, а луѓето од селата горе ако ви дадам еден податок Мариово кај што држе и овие нашите села горни, у секое село има по 5 куќи и стари луѓе што не можат од 100 метра повеќе да одат и они си пијата вода каква и да е, ги труеме луѓето. Не ми помина таа идеја да овие водоводи што ги инвестира Општината, што е имот на Општината да влезат во Комуналец, да ги превземе Комуналец ради тоа што, стварно на Комуналец не му се исплаќа, тоа е така, но треба да водиме грижа за луѓето. Тука сакам малку да размислиме. Што со тие водоводи што се Горна Бошава водовод. Горна Бошава кога сум бил дете таму горе сме носеле цевки на рамото, кој што веќе е дооден. Исто е Чемерско со некој водовод селски. Таму пак Претседател на М.З. што малку ги организаира и одржава, не знам како, дали наплаќаат пари или како. Тој проблем е проблем што треба ние да го решиме. Нека си го наплати изнесување на сметво Мрежичко 200 денари не е никаков проблем. Не е скап и 300. Тој проблем е проблем што треба да не засега и мораме да најдиме решение. Да ги превземе Комуналец тие водоводи со планска загуба, ради тоа што и иселувањето и ненаселеноста на тија дел е помала. Сахара е понаселено од тој дел горе, ради тоа што сите отидоа. Овие што одат на работа во Горска и Кожувчанка тоа се луѓе што патуваат, одат и се враќаат. И тие две села вода за пиење имат гратис. Нема проблем. Проблем е другите села каде што нема вода за пиење. Одговорноста чија е. Ние одиме и викаме да оваа вода воопшто не е за пиење, ама тој

што е во Рожден што нема телевизија, не си му кажал, 100 пати ако му кажиш денеска, утре заборава, он си пие. Тој проблем е проблем што треба да не засега ради тоа што се работи за наши луѓе. Овие луѓе што имат викендици и секојдневно одат носат секојдневно во Бохула и Чемерско во викендици тие се едуцирани луѓе. Оние старите што останале, што нема кој да им каже, заборава апче да се напие, не пак вода од чешма, оде од чешма и си пие. Тој проблем мене ме засега долго време и сакам да го решиме како советници. Дали е 100 денари, 200 денар или 300 мини криза е мора покачиме цена и ќе покачиме. 200, 300 денари не е проблем. Градоначалник пак те прашам тука дали можеш да помогниш, ради тоа што имаш позитивни работи околу тоа таквите работи, околу помагањето.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас значи како предлог ако го ставите на наредната седница на Совет, само морам да потенцирам и да кажам дека такви примери имаме позитивни. Село Дабниште не беше приклучено на водоводниот систем, го приклучивме пред 2 години и сега има таму 140 приклучоци усогласени со броила и добиваат вода редовно. Ресавски Залив, под Ресава доле на Тиквешко Езеро не беше приклучен, 140 приклучоци ставивме броила, имаат континуирано вода безбедна, хлорирана, направена. Се работи на таков случај во Раец, да се превземе водоводната линија од ЈП Комуналец и еве на следна седница, нека биде и на твој предлог или било како да ги испишиме сите села кои што имаат водоводни системи, а се напуштени на некој начин, да го задолжиме ЈП да ги ставе во функција, да ги хлорира и да обезбеде безбедна вода континуирано и можеме да вработиме човек и од периферијата или од самото село, кој што би го одржавал тој систем, меѓутоа не заборавајте дека таква работа ние мораме законски на секој да му ставиме мерило, односно броило за вода и тука наидуваме на главниот проблем. Кога ќе му кажиме дека треба да ставиме броило, не само заради цената него не смееме да дејствуваме и да работиме ако нема броило. Еве село Конопиште е врзано на системот Лукар, си има повеќе од 120 приклучоци на вода, броила има еднаш месечно што се читаат. Значи не е броилото само да го ставиме за да ние профитираме како ЈП, него ние тоа ни е обврска за да ние да дејствуваме. Така да ставете ги на следна седница на Совет, дали е тоа Рожден, дали е Бојанчиште, дали е Чемерско или сегде кај што има, а таму кај што нема да земиме приоритет да ги доградиме, а и да ги одржаваме. Одржавката е побитна него цело

друго, а инаку верувајте со таа наплата на вода и со тие акумулирани средства да го покриеме вработениот кој што треба да го контролира тој водовод, ние ќе бидеме пресреќни. Не треба да имаме профит од тој дел. Така да позитивна е таа реакција да може да се дополнат тие водоводи. Благодарам.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ: Значи во ред е реакцијата, меѓутоа тука морам да нагласам една работа. За да се превземе некоја вода, значи прво следи испитување на таа вода. Таа вода треба да помине низ Центар за јавно здравје, да видиме колку е онечистена, добра е. Значи за да преминиме во оваа фаза сега што ја збори Градоначалникот значи ние мораме да направиме базна станица преку која ќе се врши хлорирање на таа вода. И ние ако тоа го превземиме треба да гарантираме за исправноста на таа вода . Што значи тоа. Значи ние периодично, ние мораме прво да вршиме испитување на таа квалитетот на таа вода. Зошто. Затоа што после одговорноста е голема нели за таа вода. И многу е битно на пример од кај доаѓа таа вода, каде е извориштето на таа вода. Значи има ред на работи кои што треба да се запазат и треба прво да се испитат, добро да се видат. Во ред е да се предложе, меѓутоа да се виде прво каде може да се сторе нешто, а каде не. Значи потребно е да се направе анализа.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро директоре. Значи иницијативата е во ред.Правниот процес и постапка ќе си видите како, според јас тоа што имам информации секое извориште да го ставиш во функција за јавно население да гарантираш дека е безбедно 4 сезонско испитување мора да направиш, 4 проширени анализи, доколку покажат од есенска, пролетна, летна и зиман во ред, после тоа се пристапува кон поставување на систем за хлорирање, поставување броила, ама тоа трае. Ако го почниме и ќе го завршиме. Ако не го почниме, нема да го завршиме . Така да дај со одлука на Совет на наредна седница да ги задолжат.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Кога се градени овие водоводи и Мрежичко и Рожден, јас сум бил изведувач, сум ги работел, се правеле тие анализи ради тоа што се оделуваа по 100 000 евра пари. Што имаме направено пр.. Имаш, сигурно го знаеш проблемот со Бохула. На луѓето од селото им текнало дека малку е таа вода што ја носи водоводот и они дополнително си земале вода нечиста и направиле проблем. Не смее да чепка во систем никој така. Тие водоводи се финансираат од Општината или од државата или од некоја фондација. Тие се на Општината. Тие кога биле направени, биле исправни, ги испитувале и дале пари

да се прават. Сега нормално дека треба да се реконструира главата, да се чисти и системот, линијата да се чисти. Нема ставено хлор 20 години во цевка и нормално е во селото водата да нечини. Значи обврската е да превземе Комуналец. Ние нема да бараме тоа преку ден. Да почниме, па дали 2,3 или 5 години, да има надеж некој да се надева дека ќе биде добро .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Иницијатаивата е во ред. Јас мислам дека на нареден Совет нека се поднесе и да споменимe да не заборавиме дека во последниве 4 години ние сме со мандат каде што меѓу првите мандати го проширувамe водоснабдувањето во Општина Кавадарци токму во руралните средини. Овие што ги спомнав 250,300 приклучоци и сега во моментов заедно со државата преку ТАВ Програмата правиме проширување на 750 нови приклучоци на Брушански Залив и Брушани. Тоа се 1000 приклучоци или 10% од вкупните приклучоци. Тоа е обврска, не е мала работа и добро е да се движиме во тој правец . Благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник спомна дека требало да го почитуваме Уставот и законите така. Како сте донесиле одлука со која што сте ги ослободиле овие тогаш, пред 4 години. Ако сте го почитувале тогаш Уставот и законот, значи тогаш сте го почитувале или сега го почитуваме и носиме оваква одлука. Тоа е една работа. Втора работа јас не сметам дека и инфраструктурно и во дел на комунални услуги исто и се инвестира и се дава ист обем на комунални услуги и на периферијата и во овие села и во градот. Токму заради тоа сметам дека оваа работа треба да си остане така. Ако е моментот за парични средства да се соберат дополнителни од сите овие села кои што се наведени Бохула, Чемерско, Крњево, Горна Бошава, Долна Бошава, Бојанчиште, Конопиште, Куманичево, Страгово, Мрежичко, Дреново, Бегниште, Ресава, Шивец, Моклиште и Сопот, ако е целта да се обезбедат повеќе парични средства па ние имаме ми се чине точка на Дневен ред денеска да раскиниме Договор за овие мини хидроцентралите да ги пуштиме на слободен пазар и да од тие финансиски средства, заради тоа што цената на mw/h е сериозно зголемена во однос на онаа што ја добива претпријатието сега така да не гледам ако е во делот на финансиски аспект мислам дека можеме лесно од тие пари да се покриеме и мислам дека ова треба да остане вака ако веќе ги почитуваме Уставот и законите. Треба да ги почитуваме секојпат и пред 4 години и сега. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Пред 4 години задолжение на Совет. Еднногласно го задолжува Советот ЈП Комуналец да изврши од повеќемесечно пробно собирање на комуналниот износ токму во овие села, како на некој вид физибилити или да видиме дали е тоа возможно да го стигне. Така беше одлуката. Сега они го направија тоа и кажуваат дека да можеме да стигниме и физички и материјално, и со камиони и со цела работа, пошто ние не знаевме што ќе очекуваме кога ќе отидиме во Чемерско. Првпат одиме да изнесиме комунален износ, а инаку советниче дај да направиме една математика, да им кажиме на луѓето колку се овие пари од сите овие села. Ако се повеќе од 400 евра месечно да си ги земете сите. Нема. Човек ова не се пари. Усогласување, спроведување во делот на евиденција комунална. Во Мрежичко имаш тројца жители. Во Конопиште имаш 10. Во Чемерско имаш 30-тина. Тоа се нула пари што вика Ристо. 400 евра се месечно. Нема тука пари бе. Какви пари зборувате. Второ се согласувам. Да треба руралните средини да ги ослободуваме од некакви давачки. Можеме после со одлука на Совет, откако ќе ги евидентираме, да речиме да ги ослободуваме во втора фаза, нема никој тие 400, 500 евра ќе бидат или не е битно колку е сумата, дај да ги ослободиме отпосле. Не дури не ги ставиме во систем, за да ги ослободиме. Тоа е проблемот. А второ во делот на другата точка не би коментирал сега. Жално е да коментираме, ние во моментот сега имаме среќа да имаме 5 мини хидроцентрали драстично ќе го зголемиме буџетот на ЈП. Ќе го дискутираме после тоа, ама жално е за граѓаните што треба да платат x5 пати поскапа струја од јануари. Јас сега тука нема да поентирам и да викам е сега Владата ја бива, не ја бива, овој не го бива. Имаме среќа во моментот што ги имаме централите и имаме среќа што ја пуштивме во јануари централата, која што вие не дојдовте на пуштање на централата, а знаеш што убаво си работе централата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. Против. Веса. Против. Ружица. 10 за, 6 против и 1 воздржан.

11. Предлог –Одлука за висина на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Многу ми е драго што се оделени во две точки селата кои што се

приградски на Општина Кавадарци и селата нели од планината Кожув и нејзиното подножје. Значи точката е Одлука за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад за с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб. Мислам дека Градоначалниче колку и да е симболична цена, секоја една цена е дестимулативна за да мигрира. И за Мрежичко. Значи како вака советниче вие сте од таму, а ја напуштате седницата која се одредува за тоа село. Седните. Секоја една цена која се одредува е дестимулативна за миграција назад од град во село. Кога станува збор за овие села, јас можам да зборувам за Бохула и Чемерско и Крњево тука више имаме и народ кој што контрамигрира, значи чии фамилии мигрирале од село во град за развој, за образование и видиле како е се, под стресот на развиените средини решиле да се вратат пак надвор и за да ги развиват тие средини таму. Овие ствари кои не им беа досега наплаќани нив им беа и дестимулативна мерка. За еден вработен во ИТ индустријата што решил мирно да живее во тие села, може не е некоја си цена. Кога станува збор па и од друга страна за регулирање на водоводот не знам кој зане и како знае, али тие водоводи се од едно поубаво време кога народот и солидарно учествувал во изградбата на водоводите и Тиквеш е така правен. Да. Многу е голем предизвикот да се разграничат водата која што се користе за нели Лукартивната за користење за наводнување и водата која што се користе во домаќинставата на овие села. Тоа се неразвиени села и јас воопшто не сакам таква одлука да, ни да станува збор за тоа, барем за наредните неколку години, додека се отворе граничниот премин Пуљевац, ако некогаш се отворе, затоа што кога станува збор за Преспанскиот договор се што треба да направиме, тоа што треба да имаме бенефит никогаш немаме бенефит и заради тоа сметам дека доволно се разграничени двете точки . Дека за оваа точка не треба да гласаме за и уште една стимулативна мерка, дури треба и кампања да спроведиме за миграцијата од град во село, кој што со едни позитивни примери од луѓето што веќе отишле таму да живеат и заради тоа сметам дека за оваа точка треба да се гласа против.

ГРАДОНАЧАЛНИК: За оваа точка сега додека си тука. Може Претседателе. Значи јас ако правно можиме, не знам еве Ленче е тука и службите значи за да докажиме. Дај бре Претседателе. Да докажиме дека воа не е за собирање средства и на Вуко да му падне тоа во вода, а твоето барање да се исполне, а јас да бидам деградиран не е проблем. 10 и 11 точка да ги изгласаме, да ги воведиме во систем за

комунален смет по основ на покриен и непокриен простор .Значи да ги ставиме во системот на Комуналец, а веднаш изгласајте ја точката и да бидат и ослободени или со Заклучок или како може. Не знам. Веднаш да бидат ослободени од плаќањето или Заклучокот да биде на секои 3 месеци да ги ослободуваме. Не е проблемот тие рурални средини да бидат стимулирани да не плаќаат комунален износ на смет, а ние да го фрламе сметот. Апсолутно сум за да. Само дај да го усогласиме. Дали да направиме пауза или како за да биде усогласено со сите правнички издржано и да не го плаќаат, само гледај еве ти Чемерско често одиш таму. Таму пак секоја недела свадби се прават. Има викендаши со хациенди од по 500 000 евра што го полната контејнерот, а не е во делот на оваа миграцијата. Не е малку миграција. И сега не може да ги издвоиме тие да плаќаат. И тие ќе бидат привелегувани во оваа работа да знаеш. Дај една пауза од 2 минути Претседателе ако дозволиш.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Пауза. (Пауза)

11. Точката Предлог –Одлука за висина на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб ја ставам на гласање. Кој е за. 9. Кој е против. 5. Ружица. За. Веса. Против. Во ред. 10 со 6. И 1 воздржан. 10 за, 6 против и 1 воздржан.
12. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и условите за користење, сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Веса. За. Ружица. За. Едногласно усвоена.

13. Предлог –Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Кавадарци за време на одржувањето на манифестацијата Традиционален фестивал „Гроздобер 2022";

Отварам претрес. Повели.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. На почетокот на седницата станав за дополнување, но ми кажавте дека веќе постои Предлог-Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти. Покрај угостителските објекти барам да се отвори една дискусија и да се разменат нели мислења дали има правна можност за продолжување на работното време и на трговските објекти во Општина Кавадарци за време на одржувањето на манифестацијата

традиционален фестивал Гроздобер 2022 година. Знаеме дека туристичките места беа со законска одлука, им беше дозволено да работат во недела и на трговските објекти. Овде согледуваме и една недоследност во законската регулатива со тоа што не сите туристички манифестации за време на нивното одржување им е дозволено дозволено недела да работат и заради тоа би сакал да има една конструктивна дискусија од сите чинители на политиките во Советот. Фала.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Иницијативата во делот подршката само за Тиквешкиот Гроздобер јас целосно ја оправдувам дека како таква за работа на сите правни субјекти и трговските поединци и било кој во делот на недела како неработен ден. Меѓутоа јас сакам да отвориме една дискусија и да побараме ако сте сложни едно дополнување и едно барање до Влада да воопшто недела како неработен ден Владата тој закон си го повлече и го пониште, затоа што во ваква економска криза на енергенси од струја од 800 евра, услови со нафтени деривати од 100 денара, а и очекувано да одат нагоре, да не ги ограничуваме ние луѓето дали да работат недела, сабота или понеделник пошто еве видете наша анализа е во недела струјата е 300 евра по купекс по час, во понеделник е 1000 евра. Така да може да работат и во недела, ќе му биде понеделник неработен ден, односно Законот за работни односи беше многу јасен. 160 часа е месечно, 1 ден неработен, така да не ги обврзуваме луѓето кој ден да не го работат пошто се врзани и со енергенсите, врзани се и со делот на ел. енергија, а ова за Гроздоберот може да биде само како иницијатива за празник на градот и манифестација, меѓутоа и во целост тој закон мислам дека треба во состојба на енергетска криза да се повлече, пошто можат и индустриските капацитети и производните капацитети и пекарите да работат во недела, па да не работат во понеделник. Недела и сабота се многу поевтини енергенсите на Светската берза и на купекс по час ел. енергија се со 50% учество во делот на цената од работните денови кои што ги имаме од понеделник со сабота. Благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас мислам дека ние како Совет на општина немаме ингеренции да расправаме за работи што се донесуваат во Собрание за закон што се донесува и се гласа во Собрание. Тука е и ВМРО ДПМНЕ и СДСМ и Левица има свои пратеници во Парламентот и може да го покренат тоа прашање, да разговарат и да дискутират таму. Може и така, меѓутоа од мој идеолошки аспект јас сметам дека треба да постое одредена заштита на работни права и сметам дека секој треба да помине дел од своето работно време, да не работи 7 дена од неделата, туку да има еден ден кој што ќе си го посвете за своето

семејство и мислам дека според мене тој закон беше добар закон, беше добар закон, така да од друг аспект, од аспект на бизнис и од аспект на трошоци кои што ги генерира моментално Бизнис секторот мислам дека не е местото да овде дискутираме, заради тоа што станува збор за работа за која се разговара во Собранието. Ви благодарам.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас само би дополнил советниче. Јас воопшто не мислам дека воопшто не е местото за да разговараме. Да место ни е да разговараме, пошто нашата бизнис заедница и Локална Самоуправа живее од бизнисот, а и нашите граѓани работат од тој бизнис. И само вие одговорете ми на едно прашање. На туристички места кои што ги имаме како еве ќе ги споменам Тиквешко Езеро, правни субјекти, ресторани, не знам Михајлово, не знам подалечни такви, ги имаме,не знам, сега го спомнавме селото со вода Дабниште, Чемерско. Кога во понеделник, вторник, среда и четврток нема човек а во недела кога треба да работат, треба да даде дупла дневница, а не работе понеделник, вторник и среда. Јас не реков да работат 7 дена во неделата, апсолутно не. Си има Закон за работни односи кој што ги утврдува правата и заштитата на работниците колку часа треба да работе неделно и кои денови. Што е недела толку посветена како неделата, освен од верски причини, пошто зборуваме за држава, секуларна држава сме, зошто да биде недела неработен. Јас ви кажувам дека муслиманиве во министерства во петок после 11 не работат. Нема ниеден. Зошто да биде недела неработен ден. Така да мислам дека треба малку пообјективно да се размисле за тој закон и да размислиме во делот на тоа да секој работник треба правата да му бидат заштитени и загарантирани со 160 часа или 154 месечно како што доаѓаат работно, а па на крајот на денот зошто пак некој да биде дискриминиран во делот на лекар, пожарникар, полицаец или било што и да работе недела. И тија има семејство за недела. Мислам дека тоа треба малку подобро да се размисле и дали ќе биде тоа инцијатива преку пратениците, дали ќе биде во оваа кризна состојба за секој да се снајде сам, пошто сега да бидеме реални фирмите се оставени сами на себе. Државата не му помага на фирмите овој момент, ниту му дава повластена струја, ниту му дава повластена енергенса, него се оставени на слободен пазар. Ако ме оставиш на слободен пазар да функционирам, да работам, да не ги испуштиме вработените што ни се случува во моментот да не ги именуваме компаниите во Кавадарци, ги знаете добро кои затвораат и не работат и кои го намалеа обемот на работа. Малтене не постое компанија што работе со фул капацитет, а септември, октомври и ноември тоа ќе биде уште подрастично тогаш ќе ни биде секоја ден недела. Е кога ќе дојде секоја ден недела ќе имамме проблем за

понеделник да го стигниме. Затоа сакам да потенцирам дека треба тој закон да се тргне и да се ослободе, а поготово пак ова ако збориме за државна помош, тоа треба друга дискусија да отвориме. Благодарам.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Јас само сакам да сум јасен. Ако нешто се согласувам со советникот Вуко тоа е за социјалната правда и за неговите ставови околу работничките права. Значи сметам дека мора да бидат заштитени и нели нашата партија го подржа Законот за недела неработен ден и беше дел од нашите програмски заложби. Во оваа форма Законот за недела неработен ден има многу недоследности. Еве откривме и една сега тука со што се отвараат можности за развој на сивата економија, особено во развиените места. Сметам дека доколку има, нели ова се однесува само за Гроздоберот, доколку има правна можност за таква туристичка манифестација да се овозможи работење тој ден и да се оневозможи нели продавање на црно, продавање незнам со гајби, со тезги, со било што по улиците и на таков начин да ги заштитиме и корисниците на услуги од страна на трговците во Општина Кавадарци. Фала.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници уште дневниот ред кога го усвојувавме Градоначалникот даде една идеја да го консултира Министерството за економија со Заклучок на оваа точка да видиме дали може да ни одобре Барање за токму работа во време на Тиквешки Гроздобер на трговски објекти. Сметам дека точката може да ја изгласаме со тој заклучок, што ќе биде упатено до Министерството за економија, кое само ќе се произнесе може или не може.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Од тоа што јас го знам е дека недела неработен ден има одредени дејности што не трпат и кои што мора да работат и мора да функционират и има шифрарник врз основа на националната класификација за кои дејности можат да работат и недела, само треба да пријават. Па тогаш што е спорно. Да платат дупла дневница. А да оде за викенд на работа. Јас не гледам дека тука е спорно нешто. Добро вие сте. Јас на пр. тоа се мои видувања. Вие сте од друга страна, од страната на капиталот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас вака ќе ти кажам. Јас ако бев од страната на капиталот, капиталот ќе го помножев х3 за овие 4 години, а не да го зголемам имотот на Општината х4. Така да јас сум од јавната страна во моментот, само јавната страна ја задоволувам, а капиталот го штитам, затоа што без капитал и без реален сектор нема да постоиме и ние, апсолутно работниците. Јас денеска потпишав Колективен договор за формирање на Синдикат во Општина Кавадарци што не постоел досега. Ако не штитев работници, немаше да го потпишам колективниот

договор. Ама добро сега да не се ставаме во заблуд. Јас сакам да кажам дека има специфични дејности кои што не работат понеделник, вторник и среда, одалеченост од град, одалеченост од други причини, кои се наменски туристички, а работат четврток, петок, сабота и недела. Значи тие луѓе имаат 3 дена слободни, а за недела треба да му даде дупла дневница, а не го исполнува работното време. Е тоа сакам да го доловам. А таман работа ако имаме ние услови и капацитет јас денеска предложив на Синдикатот за 2 години да постигниме, да постигниме за 2 години како Општина да навремено одговориме на секоја пријава, навремено го одговориме секој предмет, да немаме отворени предмети, да работиме од понеделник до петок од 8-17, а петок да ни биде до 12 работно време. Тоа му го предложив јас и стоам позади тоа за работниците. Меѓутоа ако нас ни трпат граѓаните, трпе реалниот сектор, не си ја бркаме работата, мислам немаме аргументи, резон да бараме нешто што не ни следува или нешто што не ја завршуваме работата, каде ни е одговорноста во цела работа. Така да мислам дека во тој контекст сакам да го доловам тоа и да го кажам. Да. Трпат бизниси и недела е неработен ден, пошто има некои работи што не трпе. Еве класична работа. Дали знаете дека недела е неработен ден производните капацитети не се изземени, ставени се недела неработен ден, производни капацитети не трпе производството да не работе недела, производство на пиво, не знам на вино, на сокови, на вода, на артикли прехранбени. Тоа се сезонски производи. Пиво се пие 4 месеци. Технолошки процес што мора да продолже, он не може да го прекине во недела. Значи има многу недослености во Законот што треба да се извадат и треба да се направат. Тој закон за недела неработен ден, јас дај боже да ја постигниме и сабота неработен ден и да бидеме како Швајцарија и кризно работно време и од таму влези ваму излези, ама ти одиш во канцеларии во Општина Кавадарци, одам не е битно во која канцеларија, ги гледам тројца, што правите, е па да си направиме муабет, ами оти не одите поручек по куќите да си направите муабет. Значи уште нашиот ментален склоп е на тоа ниво кај што е. Значи ние треба да работиме, да ги гледаме двете страни, а нормално тука ја застапуваме јавната страна, ама тоа што не е во ред не можеме да го оправдаме и браниме мислам дека треба да се разговара убаво на тој начин и треба да децентрализацијата дај бе пуштете ја Влада централна што се плашите. Нема да ви ја земиме државата. Уште 6 месеци не ја зимаме, после тоа ќе видиме. Значи во принцип децентрализација што значи. Каква е оваа Локална Самоуправа да не може еден ден празник да прогласе. Недела е фри во Кавадарци. Е тоа го бара Круме, јас мислам така. Значи еве ако можиме еден ден да си

прогласиме да биде работен ден за сите, покрај тоа што во цела држава не работе. Значи со аргументирано празник на градот.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ако има одредени сектори што се испуштени по класификација, кои што не се вметнати во Законот, кој што му се овозможува да работат. Со овој закон не им се овозможува да работат јас тука би ве подржал да тие процеси кои што не можат да трпат да бидат вметнати и јас сум за тоа. Меѓутоа не се согласувам со тоа дека работник кој што работел во недела не треба да земе двојна дневница. Ако ги погледниме класните разлики кои што ги имаме во Македонија и ако го погледниме Ѓи-индекс и други индекси кои што мерат класни разлики ќе видиме дека тие се едни од највисоките во Европа и ние сега предлагаме тука за да сме им помогнеле на Бизнис секторот кој што трупа милиони, милиони во добри економски години, да сме му помогнеле сега и пак да биде тоа на теретот на граѓаните. Знаете ли која е распределбата на вкупниот приход кој што се ствара во Македонија. 2:1 на газдите, 2:1 газди спрема вработени. Во цел нормален свет е обратно. Така да јас сметам дека нема апсолутна причина да овоа малце кое што сме му го дадиле на работниците да сега им го земиме. Јас дури и. За манифестацијата сум да биде ослободено доколку е во согласност со законот .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само да го дополнам советникот накратко. Значи советниче вие сте СДСМ и размислувате социјалистички и тоа е легитимно право. Во социјализмот било тој што нема, сите да немаме. Да. Е сега во демократија , а застапувате демократија и стабилизација на пазарот. Ако сте социјализам дајте нни социјалистички систем , наплатите ни струја повластена за сите, а сега како, хибриден режиме, Круме мора некои работи да ги пазиме. Еве вашиот раководител тука што е зима 35 000 денари плата. Срамота е. А викате му дадовме на вработениот. Кај него раководителот на сектор одделение во Комуналец е 37 000. Не сте му дале ништо на вработените. Ништо, ништо не сте му дале. Ништо.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Благодарам Градоначалниче. Почитуван Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, сограѓани. Значи цело време дискутираме за Законот за трговија, без разлика каква била намерата, дали била добра или не, знаеме дека не е совршен, затоа и сега на 7ми јули имаше измени кои што ги има во Сл. Весник. Јас сакам затоа и земав збор, ако може да помогнам во тој дел. Исто така и со правниот сектор и со Општината. Дали во овој дел каде што има измени, како законот, нели секој закон трпи измени и дополнувања, бидејќи ниту еден закон не е совршен. Во тие измени каде што можеме да најдиме за Гроздоберот по предлогот нели на

колегата Круме, значи гледам дека трговија на мало за празници и работа во недела се врши дополнување кои можат да работат се продавниците, киосци, штандови во туристички места, бензиски станици, продавници на бензиски станици во рамки на трговија на мало, трговски центри, молови кои ги исполнуваат минималните технички услови, односно од тие претходно трговски центри се дополнуваат интересно е по член 4 и 5 каде што ќе проверат нели колегите овде што се службеници, односно стручните служби, штандови, киосци каде што се продава добра за време на спортски настани и фестивали, манифестации, саеми за време на јавна проекција и друго. Е во тој дел може да се пронајдиме ако може да го дополниме. Тие се последните измени што испаднаа во Законот за трговија, ако може таму да се најдиме да се повикаме на тоа. Тоа сакав да помогнам ако може тука во тија дел.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советници точката ја ставам на гласање со предлог што го доставивме. Дали да побараме до. Значи има законска основа. Ја ставам точката на гласање. Кој е за. Веса. За. Ружица. За. Едногласно.

14. Предлог одлука за давање согласност за склучовање на спогодба во постапка за медијација (Тања Марковачева);

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

15. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет Малв П.бр.41/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Веса. За. Ружица. Добро. 18 за.

16. Елаборат за процена на штети- суша во Општина Кавадарци во месеците Јуни, Јули и Август 2021 година;

Повели Валентина Бањанска.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани сограѓани. Во однос на точката на Дневен ред Елаборат за процена на штети- суша во Општина Кавадарци во месеците Јуни, Јули и Август 2021 година морам да кажам дека уште на втората седница на втората седница одржана на 15 ноември 21 година на овој состав на Совет кога овој елаборат беше за првпат ставен на Дневен ред земав збор и со најдобра намера ви укажав дека така изработениот елаборат нема врска со елаборат. Личеше на обично барање и не треба таков да го пуштиме во Министерството за земјоделие туку треба да се доработи. И покрај тоа што имавте информација, сугестија од нас и позната ни беше Методологијата за

процена на штета јавно објавена до Влада, кој елаборат не беше доработен и согласно со важечките прописи и поради тоа двапати е враќано за доработка од страна на Министерството. Денес пред нас од истата Комисија имаме изработен писмен приказ за земјоделските површини кои беа погодени од природната непогода суша, а за кои сопствениците на овие земјоделски површини ни пријавија штети . Мојот заклучок е доколку бевме самокритични и прифатевме дека претходниот елаборат изработен во ноември месец 2021 година за кои и сами ќе признаеме дека ни малку не личеше на Елаборат и да се согласевме дека треба стручно да се доработи како што сега е изработен немаше да изгубиме драгоцено време од 9 месеци и граѓаните кои имаа пријавено штета досега ќе беа обештетени. Апелирам ваков пропуст да не се случува во наредниот период, туку да бидеме конструктивни и отворени за сугестиии и стручни совети со цел да не се повтори ваков пропуст со кој граѓаните трпат, а богами и државата. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Се согласувам да се елаборира елаборатот за суши да видиме кај се тие грешки што се направени и зошто е вратен односно неколку пати е вратен и доколку има суштински пропусти од служните јас ќе инцијатирам дисциплинска постапка за истите служби и тоа Ленче да го имаме на ум пошто еве доцниме со Елаборатот за суши. Меѓутоа вооедно повикувам да се преиспита постапката. Еве ова нека биде по допрен глас зошто Елаборатот за мрзнење кој што е поминат на Влада и на Земјоделие за Општина Кавадарци е неисплатена субвенцијата за земјоделците, во Општина Неготино не е исплатено на земјоделците, а во Општина Росоман и Демир Капија се исплатени. И поминати елаборати како што се нашите. Дали тоа не е дискриминација на луѓе по основ на партиска определба на Градоначалници и дали не постое кривична одговорност во тој дел и дали тоа не е оштетување на земјоделцитеи дискриминација по основ на партија. Проверете го и тоа. Искрено проверете, видете дека е така. Не бевме предвидени во буџет за исплата на Општина Кавадарци и Неготино. Со ребаланс сега не предвидија на буџетот и уште не се исплатени средствата. Елаборатот е поминат 5 месеци. Повикувате на одговорност. И ја прифаќам одговорноста на службите и ќе поведиме дисциплинска постапка ако не се соодветни, не соодветно го сработиле елаборатот и ќе си сносат одговорност, меѓутоа каде е одговорноста за неисплатени штети на Општина Кавадарци и Општина Неготино по основ на мрзнење на поминат Елаборат од пред 5 месеци на Владина Комисија, на Комисија на Министерство за земјоделие и Комисија на Министерство за

финансии. Немањето пари на државата или дискриминацијата на луѓето по различен основ. По инцијативи на таа работа ќе ви дадам и чист аргумент. По исплатата на земјоделците од мрзнење, Министерот за земјоделие беше во посета на Росоман. По исплатата на мрзнење во Демир Капија Министерот беше во посета во Демир Капија. Што се хендикепирани луѓето, односно земјоделците во Општина Кавадарци и во Општина Неготино. Зошто се хендикепирани. Ако се за Митко Јанчев хендикепирани и за ВМРО ДПМНЕ дај да му го кажиме тоа на луѓето. Ве молам проверете. И повикувам тука по допрен глас на одговорност.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател, колеги советници, почитувани медиуми, гости, граѓани на Општина Кавадарци. Доколку барате одговорност од службите за неубаво изготвен Елаборат, јас би побарал одговорнот и од службите кои што го провериле еднаш Елаборатот, го вратиле на доработка, па го враќаат повторно на одобрување, па повторно го враќаат. Значи и во првиот пат кога било прегледувано Елаборатот за суши, не било утврдено дека Методологијата не чине. Сакам да ви кажам драга колешке дека се тенденциозни во одобрувањето на средства, кои што треба да ги земат граѓаните кај што владее ВМРО ДПМНЕ на Локална Самоуправа. Значи ако првиот пат го вратиле Елаборатот, требало и тогаш да му кажат Господа вие не сте го сработиле елаборатот заради тоа, тоа и тоа вклучително и Методологијата не сте ја земале во предвид. Зошто тој таму што го прегледува тој Елаборат и таа Комиисија што го прегледувала Елаборатот за штети од суша не кажа уште првиот пат за да не бидат 3 пати враќани. Значи главната топка е главната цел всушност само да не дојдат граѓаните на Општина Кавадарци и Општина Неготино до средствата, кои што им следуваат како граѓани на оваа држава. Така да сметам доколку не чини елаборатот првиот пат требало тогаш да се каже се. Јас колкушто знам Елаборатот првиот пат е вратен од технички причини, табелата била полево, подесно, точка, запирка, извичник, немало не знам што. Никаде не се спомнува Методологија на пресметка на штета. Го спремат, го дотеруват технички како треба да биде Елаборатот, го одобруваме повторно тука, повторно оде на одобрување одтаму, е сега не чине Методологијата. Е сега ако го пратиме може не чине корицата, па ќе треба да ги тураме во жолта и плава боја. Мислам апсурдно е. Така да ве молам. Така да првиот елаборат ете го поминат, уште не се исплатени. Благодарам.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Само накратко ќе се јавам за збор. Во врска со како е правен Елаборатот. Колеги советници од СДСМ

земете го Елаборатот на Општина Росоман и земете го Елаборатот на Општина Кавадарци. Дали ќе најдите некоја разлика. Барем една мала разлика. Друго повеќе не сакам да зборам.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Не се разбираме. Сега точка на Дневен ред ни е Елаборатот на Кавадарци за суша. Да не бегаме од тема во тема. Тоа ни не сме надлежни сега тука. Не можеме да тврдиме дека стварно има дискриминација. Каде е таа дискриминација. Не можеме да ги разгледуваме какви се елаборатите на Росоман, каков е на Кавадарци. Уште првиот пат кога ни беше на разгледување на Дневен ред Елаборатот беше 3 странички. Сега е 30. Значи воопшто има голема суштинска. Ама сега Градоначалниче го немаме на увид тука и не ни е во работа Росоман.зборуваме тука и не ни е на увид Росоман. Ама јас само излегов да ви кажам дека Елаборатот и тогаш ви кажав дека не е во ред и дека треба да се доработе и само повикав на конструктивност. Јас само дадов насока да бидеме конструктивни и да се слушаме тука. Во смисла на тоа ако се доработеше тогаш Елаборатот, месец дена покасно во ваква форма и да не одбијат, еве и јас сум тука ќе бидам таа што ќе кажам ете стварно има селекција. Сега вака како што е изработен Елаборатот мене ми се допаѓа, си ги содрже сите елементи според Методологијата што е објавена од Министерството за земјоделие, па да видиме значи натаму што ќе се случува.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас вашиот говор го оправдувам и го проверив тоа. Да штур беше Елаборатот. Прифаќам одговорност од службите. Истиот беше и на Росоман. Не го коментирам. Меѓутоа дали вие ја осудувате ситуацијата што е поднесен Елаборатот пред 5 месеци и одобрен на сите комисии за мрзнење е исплатен во Росоман и Демир Капија, не е исплатен во Неготино и Кавадарци. Тоа сакам да го осудите на некој начин и да го застапувате тоа за да се исплате што побрзо на земјоделците. Тоа ми е барањето во цела работа. А Елаборатот се согласувам дека бил таков како што беше.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Од која политичка партија бевте кандидирани првиот мандат. Првот мандат од која политичка партија бевте кандидат.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Првиот мандат е завршен. Можам да ти кажам за сега од која.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Од истата ли политичка партија.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Прашањето директно ли е. Да директно е. Јас сум член на ВМРО ДПМНЕ. Бев Потпретседател на ВМРО ДПМНЕ. И првиот пат бев кандидиран од ВМРО ДПМНЕ. И вториот пат бев кандидиран од ВМРО ДПМНЕ како член на ВМРО ДПМНЕ.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: И сте имале ли некаков проблем во било каква соработка со Централната власт некогаш. Сте имале ли инвестиции во Кавадарци.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Апослутно ти одговарам како на училишно столче. Не се лутам. Апсолутно да, меѓутоа можам да потенцирам и да кажам дека со пред реконструкцијата на вашата Влада имаше многу постручни кадри кои што работеа во делот на сите овие проблематики и имаа многу поголем слух за цела работа. По губењето на локалните избори драстично, вашата Влада некако се повлече од соработка со општините. Видно очигледно. Е сега.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Зошто не сте имале проблем претходно, а мислите дека имате сега проблем.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Затоа што не се истите луѓе кои што раководат прво. Второ вие како новоизбран претседател на Општинска Организација треба да го подобрите работењето со локалните самоуправи на апсолутна гледна точка, не на партиска. И да го постигниме тоа што сме го имале некогаш, не само за ние да добиваме проекти, него да биде токму во интерес на земјоделците, токму во интерес на граѓаните, а не во личен бенефит, бидејќи ниту со претходната гарнитура од Владата и на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ ние не сме имале опструкции како општина. Јас тоа јавно сум го зборел секаде, меѓутоа сега ова го третирам за опструкција и го класифицирам како опструкција во делот на неисплатувањето на средствата на одобрен елаборат. А проверете и слободно дека ги предвидија со ребаланс од буџет, значи воопшто не ни не планирале да ни исплатат во делот на тековниот буџет. Е тоа е тоа што не сакам да има дискриминација и тогаш ќе постигниме еднакво општество за сите.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Информацијата јас што ја имам е дека ќе биде исплатен од септември месец.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Кај вас во СДСМ тоа ќе-то ќе го извадите. Кај вас ќе-то многу често постое. Ќе биде исплатено. Знам дека ќе се исплате.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ќе се исплате. Како тогаш сте опструирани.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ќе-то многу го користите. Тоа вака и граѓаните го замеруваат.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Сега зборуваме за работи кои више е поминато на Влада и ќе биде исплатено.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Еве јас го повикувам Министерот кога , ќе го исплате Елаборатот за мрзнење да дојде исто како што дојде и во

Росоман да тука му се заблагодаре на земјоделците и јас ќе се извинам за доцнењето и он.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани точката за Елаборат за проценка на штети ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Веса. За. Ружица. За. Во ред.

17. Годишна Програма за работа на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-711/1 од 07.07.2022, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели советниче.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Чисто конструктивно. Ме интересира зошто во претходните мандати имавме претставници нели од сите институции, училишта, институции кои се дел од културата. Имаше претставници т.е. директорот, а директори, а еве изминатиов период, изминативе гдини нема претставници ниту еден од директорите ниту од основни, ниту од средни училишта. Чисто онака ако некој сака нешто да праша да не губиме на време или да се вика директор да образложува, туку ако може тоа од наредна година да се практикува. Секој директор кој што има доставено Годишен Извештај, Годишна Програма, Финансов План нели убаво е да присуствува тука како што беа претходно на Комисииод Комуналец исто така, мислам дека тоа треба да премине во една пракса за да може некој од советниците ако има дополнителни прашања да може да се даде соодветно образложение. Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас имам предлог доколку прифатите, да направите пауза од 5 минути и службите да ги повикат сите директори и кој директор нема да биде присутен да не му се гласа програмата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ако важе за директорот на Комуналец и за Паркинг и за Јасмин да биде присутен, апсолутно треба сите што се по јавна капа треба да бидат присутни. Пауза.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Значи за да не губиме време, да бидиме конструктивни. Ако некој има прашање и нешто сака да праша нека се изјасне тука дека има нешто конкретно прашање и тогаш да се повикаат сите директори. Сега да не излезе да викаме пауза, а да нема .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Само момент. Значи почитувани само на кратко. Јас предлагам да предложиме со дневниот ред, надвор да ги повикаме директорите, а да не губиме во време да продолжиме со дневниот ред натаки. Значи службите на Општина Кавадарци нека ги повикат сите директори на школите, а ние продолжуваме со дневниот ред. 17 точка ја ставам на гласање. Кој е за. Ружица. За. Веса. За. Во ред.

18. Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-225/1 од 15.07.2022, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Едногласно. Ружица. Веса.

19. Годишна Програма за работа на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-267/3 од 11.07.2022, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа;

Ја ставам на гласање. Едногласно. Ружица. За. Веса. За.

20. Годишна Програма за работа на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-183/5 од 13.07.2022, донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;

Годишната програма ја ставам на гласање за работа. Ружица.За. Веса. За.

21. Годишна Програма за работа на ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-93/2 од 30.06.2022, донесена од Училишен Одбор на ООМБУ„Лазо Мицев Рале„ Кавадарци;

Едногласно. Ружица. За. Веса.За.

22. Годишна Програма за работа на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-210/5 од 15.08.2022, донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Страшо Пинџур„ Кавадарци;

Ја ставам на гласање. Едногласно.

23. Годишна Програма за работа на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година со арх.бр.02-236/3 од 07.07.2022, донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Гоце Делчев„ Кавадарци;

Ја ставам на гласање. Веса. За. Ружица. За.

24. Годишен извештај за работата на ЈОУДГ „Рада Поцева“Кавадарци за воспитната 2021/2022 година донесен на седница на Управен одбор со арх.бр.02-203/3 од 15.08.2022 година;

Ружица. За. Веса. За.

25. Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за воспитната 2022/2023 година донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-203/4 од 15.08.2022 година;

Ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

26. Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за 2023 година донесен на седница на Управен одбор со арх.бр.02-203/5 од 15.08.2022 година;

Ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Ружица. За. Веса. За.

27. Одлука за зголемување на бројот на деца по воспитни групи за воспитната 2022/2023 година во ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци за донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-203/6 од 15.08.2022 година;

Едногласно.

28. Одлука за утврдување на работното време на вработените во ЈОУДГ „Рада Поцева"Кавадарци донесена на седница на Управен одбор со арх.бр.02-203/7 од 15.08.2022 година;

Ја ставам на гласање. Кој е за. Ружица. Веса. За. Во ред.

29. Одлука за одобрување на продажба на основни средства со арх.бр.02-1213/9 донесена на седница на Управен одбор на ЈП „Комуналец" Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година;

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Веса. Ружица. За.

30. ИЗВЕШТАЈ за редовното работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџивасилев Јасмин"Кавадарци за прво полугодие од 2022 година донесен на седница на Управен одбор на ЈП"Мито Хаџивасилев Јасмин" Кавадарци со арх.бр.02-64/3 од 03.08.2022 година;

Градоначалник јас едно прашање пред малце на Комисијата беше присутна и директорката на спортската сала и советникот Ристо Сакалиев. Во однос на инсталација на фотопанели на спортската сала Јасмин. Дали може да се размисле во правец оваа година во Програмата имаше изведба на 10 фотоволтаици. Дали Општина Кавадарци може да издвои средства и да се направи финансова конструкција колку би коштала и спортската сала да се покрие.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Претседателе благодарам за прашање. Значи веќе имаме издвоено ние средства, околу 5 000 000 денара ми се чине за фотоволтаици. Во моментот имаме изготвено 3 проекти за поставување фотоволтаици. Една е на спортаската сала Партизан, 150kw/h може да се инсталираат таму. Спортската сала Јасмин заради специфичноста на кровната конструкција ради тие куполи кои што се изградени помали киловати може да се инсталираат. Душица работе проект, ми се чине околу 80 и во моментов се

работе проект за инсталирње на киното заедно со библиотеката и Паркинзи зградата на кровната конструкција. Едниот проект е аплициран кај ЦМРС Словенска Амбасада заедно со Словенската Влада за одобрување на грант. Другиот проект кој што ќе биде од 150kw потенцјално ни е ставен во добивање на средства од пат на кредит со делумен грант. Така да работиме веќе на тие 3 проекти и мислам дека месец септември е можноста за апликација. Во делот на тоа што ќе ни биде одобрено ќе постапиме кон поставување и тендерирање, а во делот на тие 5 000 000 денара кои што ги имаме како одлука на Совет донесено и ставени во Програма со задолжување на кредит за задолжување и поставување на фотоволтаици. Така да тој дел веќе го исцелокупуваме поставувањето на панели за фотоволтаици, а на 10 јавни институции веќе се ставени во функција и функционираат тие фотоволтаици со единствена цел нели и по препораки на Влада за заштедување на 15% и нормално заради самата цена на струјата да можат и самите училишта и Општината и школите да го надминат овој кризен период, кој што не знаеме колку ќе трае. Така да еве и сами може да приметите, да видите дека и осветлувањето во Општина Кавадарци не го користиме преку ден, макар што имаме некогаш и облачно со денови. Со тоа препораките веќе делумно ги исполнуваме за заштеда на ел. енергија, на греење и други енергенси кои што може да ги заштедиме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Ружица. Веса. За. Во ред благодарам.

31.Изменување и дополнување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти “Мито Хаџивасилев Јасмин“Кавадарци за 2022 година донесена на седница на Управен одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти “Мито Хаџивасилев Јасмин“Кавадарци со арх.бр.02-64/4 од 03.08.2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Повели советничке.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Јас тука имам една забелешка во изменување и дополнување на Програмата. За да не бидиме хипократи значи бараме зголемување на износот во точка 9 став 4 од 200 000 на 450 000. Значи имаме зголемување на износот од 250 000 денари само за набавка на основни материјали во смисла на техичка опрема компјутер, штампач и клима и инвентар биро, шкаф, стол, комода и работна маса. Реално овие

сите материјали кога би се набавувале по продажна цена моментално не би изнесувале повеќе од 150 000 денари. А овде се одвоени 250 000 денари, а се повикуваме на штедење, на немање средства. Да една клима е 30 000 денари, компјутер најосновен треба, не се работе во ИТ технологија. Уште подобро да биде 120 000, меѓутоа 250 000 е износ што боде во очи. Да.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Бидејќи имаме нов раководител, т.е. нов директор на Јасмин, на спортската сала ме интересира врз основа на која програма, врз основа на кои критериуми е избран истиот, по кои критериуми е избран истиот, дали има искуство претходно во менаџирање на одредена институција и врз основа на кои критериуми сте го одбрале, ако може да ни образложите.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ленче кој го бира Директорот на Јасмин. Значи по Закон за јавни претпријатија Градоначалникот го избира на конкурс директорот на јавното претпријатие на јавен оглас. На јавниот оглас имавме пријавено еден кандидат. Јавен оглас беше. Можеше и ти да се пријавиш и било кој. Значи дотичната личност која што е избрана за директор на ЈП Јасмин, мене ми е прво мило што се вклопи во колективот што со малку колектив во делот на спортот, не доаѓа од спортот, не е спортски работник, со високо образование економист, менаџер со добро cv.. дури партиски мислам дека накај вас влече, отколку кај нас. Ако веќе тоа беше прашањето, али беше избрана по објективни причини. Претходно искуство од тоа што го паметам од интервјуто што го имав и св-ито што го достави за работа, има раководна функција во ДММ, на 470 луѓе раководител на сменско работење и менаџирање со луѓето. Значи познава работење во делот на менаџирањето. Раководно искуство повеќе од 4,5 години и во делот на Програмата за работа, обилна Програма за работа си зема за обврска, која што ја предложи и на Комисијата пред мене, реална програма за работа, добро усогласена се гледа дека претходно ја следела програмата на Градоначалникот и Претседателот на Советот за доградба на самата сала Јасмин во делот на задниот дел, за реконструкција на Градскиот базен исто во програмата, за поставување на тартон патека и проширување на самата патека за да може да се одвиваат атлетски натпревари од републичко значење, реконструкција на градскиот травник, кај што веќе почна да се реконструира градскиот травник, реконструкција на тоалети за гости, за посетители на спортската сала каде што веќе има изготвено пресметки и во наредниот буџет за 23 – та би ги ставиле. Така да мислам дека во тој дел

покрај спортската сала Јасмин дека сега за сега добро се движат работиве и можам да потенцирам и да кажам дека во период од 2,5 , 3 месеци колку што е поставена го има намалено и побарувањето по основ на побарување заедно со нели претходниот директор и со тимот со кој што работат, од 2,5 000 000 на спортската сала на 1,5 000 000 денара. Значи за 1 000 000 денара средства примила по основ на побарување кои што биле претходно. И сами знаете дека ниеден спортски објект, ни Спортски Центар не е самоодржлив, дека даваме блок дотации минимални. За догодина има некои покреативни решенија кои што јас не би ги презентирал, би ги презентирала она во наредната програма. Во делот на дополнителни средства од компании, дополнителни средства од дополнителни спортски содржини и дополнителни средства од делот на рекламирање на компаниите кои што е замислено во Спортскиот центар Јасмин. Така да тоа е вака накратко што можам да ти доловам за неа, инаку лично, не ја познавам како особа, само знам дека е родена на 1-ви ноември, е шкорпија, тоа ми остави впечаток, пошто и јас сум на 1-ви ноември, шкорија и мислам дека ќе биде успешна. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 12. Кој е против. Веса. Против. Ружица. За. 14 за. 5 против.

32.Измена и дополнување на Финансиски годишен план за 2022 година на Локален Музеј за регион Тиквеш Кавадарци донесен на седница на Управен одбор со арх.бр. бр.02-86/4 од 16.08.2022 година;

Точката ја ставам на гласање. Дали некој бара збор. Никој не бара. Значи за. Против. 12 за. 4 против. 1 воздржан. Веса. Против. Ружица. За. 13 за. 5 против. 1 воздржан.

33. Годишен план за вработување за 2023 на Локален Музеј за регион Тиквеш со арх.бр.01-84/1 од 11.08.2022 година донесен од Директорот на Локален Музеј за регион Тиквеш;

Отварам претрес. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Веса. Ружица. За. 18 за. 1 против.

34. Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Едногласно помината. Веса. Ружица. За.

35.Статут на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци (пречистен тексст);

Го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Ружица. Веса. За.

36.Извештај за работењето на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за периодот од 01.01.2022-30.06.2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. 12 за. Против 5. Не воздржани 5. Веса воздржана. Ружица за. 13 со 6.

37. Годишен план за вработување за 2023 година на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес. Не бара никој збор. Кој е за. 15 за. 1 воздржан. Ружица за. Веса. За.

38.Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за плати, надоместоци на плата и други примања на вработените во ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. 16 за. Веса. За. Ружица. За. 1 воздржан. И последната точка.

39.Одлука за усвојување на Ценовник за користење, одржување и реконструкција на мрежата за јавното осветлување на територијата на Општина Кавадарци.

Отварам претрес. Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно. Само уште една точка се извинувам.

40. Предлог-Одлука за раскинување на Договори за откуп на електрична енергија произведена од повластен производител на електрична енергија од обновливи избори на енергија донесена од Управен одбор на ЈП Комуналец„Кавадарци.

Точката ја ставам на претрес, расправа. Дали некој бара збор. Тоа е точка за. Директорот тука е. Директоре повели на кратко ајде.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ: Посебно оваа точка, значи сите тука сме од различни профили, така би сметал дека треба прво да ви појаснам за што станува збор. Мини хидроличните централи Лукар се пуштени во работа, предходно зборувавме од 2000-та година. До 2019-та година се на слободен пазар. Значи ние правевме тендерска документација и струјата ја продававме на слободен пазар. Октомври 2019 година земавме повластена тарифа. Што значи повлатена тарифа. Повластена тарифа значи добивање на некои субвенции за стимулирање на обновливи извори на енергија. Тие

субвенции се поделени на блокови. Што значи тоа. Значи во прв блок спаѓа сите производства на енергија до 85kw и се по цена од 12 евроценти. Во вториот блок спаѓаат од 85-170 000kw. Овие спаѓаат во втор блок и се со цена 8 евро центи. И третиот блок од 170-350kw и се со цена од 6 евроценти. Ние ги опфаќаме овие три блока, другите не не интересираат. Значи во самото тоа ние имаме некоја цена која што према производството наше изнесува некаде околу 6-6,5 денари по kw/h. Цените кога се земаше повластена тарифа беа многу пониски од сегашните. Реална цена во тој момент беше 3,5 денари по kw/h. Така да имавме субвенции добри до износот на овие 6,5 денари. Во моментов цената на берзата ја знаеме сите колкава е. Денешната цена на пример е над 500 евра, од 500-800 евра. Вчера пиковно достигна кај 20 часот некаде околу 1020 евра. Цената има тенденција на пораст, така да во моментов е многу добра одлука на пример да излезиме од оваа повластена тарифа, да учествуваме на слободен пазар, што би направиле многу поголем бенефит за Општината и за ЈП Комуналец. Значи таа би се движела во многу повисоки граници. Значи во суштина тоа е суштината на излегување на слободен пазар за минихидроличните централи. Лукар 5 во моментов ни е на слободен пазар и на неа на пр. 12,5 денари ни е kw/h. Значи минималното на пример покачување е 100%. По предвидувањата направаме ние некои наши видувања на сето тоа околу движењето на цените. Тоа го регулира сето Регулаторна Комисија за енергетика преку фирмата Мемо. Фирмата Мемо е формирана на државно ниво и таа се грижи за сите повластени производители. Повластени производители можат на пр. влегуваат во една категорија од обновливи извори на енергија, меѓутоа учествува тука на пазарот и на слободен пазар, значи на производителите на енергија и на слободен пазар. Ние спаѓаме во таа категорија што значи ние ќе бидеме повторно членови во таа Мемо групација. Цените се тие што се. Има тенденција на пораст и сметаме дека ќе направиме многу поголем профит ако излезиме на слободен пазар. Сите предвидувања зборуваат дека нема да падне цената испод која што ни ја гарантира државата, а тоа 120 евро центи по kw/h. Друго прашање.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам директоре. Точката ја ставам на гласање. Веса. Ружица. За. Едногласно.

Преминуваме кон последната точка на Дневен ред. Тоа е советнички прашања. Се извинувам така е, тоа е 41. Тоа е точка поднесена од нашиот колега советник Круме за бесплатен престој на лицата, дечињата во градинка. Одржавме Комисија претходно околу оваа точка. На Комисијата беа присутни директорката, одговорниот во

Општината за менаџмент на Општината со директорот, директорот на Детската Јавна Установа Рада Поцева и Градоначалникот. Последната Комисија беше одржана завчера во вторникот. Член и контакт во двете комисии бевме и со нашиот колега Круме. Одлука од таа Комисија беше начелно договор дека во време на економска криза како што е сега во моментов, со енормен пораст на енергенси и тендери за набавка на храна и тендери за набавка на нафта. Оваа инцијатива да почека некои подобри времиња кога самата криза на некој начин ќе помине. Таа одлука беше од сите чинители на Комисијата, така да во однос на и Записникот од самата Комисија и во однос на што е договорено таму, одлуката беше таа. Значи да остане цената на престојот на децата во градинка како што е сега 1490, со тоа што директорката на Јавната Установа Рада Поцева има за цел да изготви Извештај на Комисијата во текот на наредниот период за поскапувањата на тендерите за храна, за набавка на храна и за греење и на Комисијата да изготве план. Тоа Комисијата ја задолжи директорката. Очекуваме во наредниот период да ни го доставе тија извештај за да го видиме како ќе функционира. 30% членот во економскиот дел од градинката не извести дека за 30% е зголемена цената за храна во самите градинки. Така да го чекаме извештајот, на комисија ќе се разгледа и после тоа ќе биде доставен до Советот на Општина Кавадарци. Повели Круме ти си на ред.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Значи одлуката, т.е. инцијативата која што беше усвоена беше Советот на Општина Кавадарци да донесе одлука со која престојот и исхраната на децата во ЈОУ Рада Поцева ќе бидат ослободени од партиципација. Ова нели одлуката стана, мислам иницијативата беше подржана од сите чинители на свој начин, заради тоа што некој си има и свои предлози, кои што за жал не беа усвоени, но ова стана вирално, доста споделувано, имаше една публицистичка димензија која што нели се постигна без да сакаме да биде постигната за на крајот да има едно огромно разочарување за жал, кое што е резултат, можеби и од економската криза, можеби од некои други предизвици. Јас верувам и дека од централната власт не сакаат да се постигне еден домино ефект. Ако ние ги ослободиме децата од партиципација да и во другите општини се ослободуваат децата и престојот во градината од партиципација и заради тоа за жал не се формира доволно добра ситуација каде што би биле ослободени од партиципација. Во Комисијата учествував јас, учествуваа членови од ВМРО ДПМНЕ и се заблагодарувам и на колешката Валентина Бањанска за нејзините предлози, кои што ги имаше за време на

состаноците. Јас додека бев на одмор била распуштена комисијата и сега не знам дали ќе продолжиме со обиди воопшто за Советот на Општина Кавадарци да ја донесе евентуално оваа одлука во иднина. Како и да е од одреден дел од позитивните мислења од МТСП за вработување на лица во градинката беа добиени, така да мислам дека до некаде има подобрување на ситуацијата во градинката на социјалните услуги во Општина Кавадарци, но Градоначалниче треба да испадните и вие да си кажете за што станува збор, нели кога сите викаат браво, има причина зошто викаат браво. Сега малку и потешкиот дел да кажете дека има поделена одговорност за неостварувањето на оваа инцијатива која што беше подржана. Фала.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Иницијативата која што ја поднесе советникот Круме од Левица, сега вака е импресивна, убаво делува, секое ослободување на секој еден е благопријатно чувство да го осете, да го доживее и било како и со таа цел и ја прифативме како инцијатива и со заклучок да разговараме на комисија. На претпоследната комисија и јас не бев присутен, бев на одмор и Круме на одмор и вија од ВМРО И СДСМ ја распуштија Комисијата, ова е некоректно мислам во тој дел, али се приклучиме на третата комисија. Реалната слика во моментов, сега ако се надоврзам на советникот Вуко ќе излезе дека треба да напаѓам заради тоа што пак енергенсите се високи, струјата, да Владата е крива и нечини и така натаки. Како он што ми вика дека невремето, јас сум крив разбираш. Нема да навлезам во таа тема, да напаѓам пошто стратешки ваа долгорочна работа за енергенсите е 20,30 години, не е само ова година. Сите имаме заслуга за негативна атмосфера во моментов на енергенсите и така го прифаќам тоа како такво, поготово сега тие што раководе ја има одговорноста. Тоа е факт. Реалната слика кога ја изанализиравме во детската градинка заедно со правниците од таму, со директорката и со луѓето што го водат финансискиот дел, не е тајна и ќе ја презентираме јавно сега пред граѓаните. Некаде Детската градинка Рада Поцева по основ на партиципација прибира средства од 15-17 000 000 денари или на месечно ниво од 1 400 000 - 1 600 000, во зависност од месецот колку дечиња има упишано. За жал поради економската криза и електричната криза државата не успеа да најде средства пошто градинката знете пошто наша обврска е да ги реновираме, да ги реконструираме, одржаваме, менаџираме и да ја обезбедиме храната, а другото оде со блок дотации во делот на ел. енергија, во делот на нафтени деривати, во делот на греење, ладење, плати и сите други работи не е зголемен буџетот воопшто на детските градинки по основ на енергенси и

загревување на самите објекти, а реалната слика е дека греењето ќе се зголеми најмалку двојно со цена, а ел. енергија x3 или x4 пати, што е драстично многу високо. Кога ќе го изгледаме тоа сето, од сите страни, ние мораме да дојдиме во ситуација да нашите градинки пред се го одржат квалитетот, квантитетот на деца и да функционираат нормално и да даваме безбедна здрава храна, да се хранат здраво тие деца и нормално пред се да бидат згрижени и социјално, меѓутоа и во делот на родителите кои што треба да функционираат во работните обврски секојдневно. Радоста во Кавадарци е тоа што ниедно детенце од први септември сега нема да остане незапишано во градинка. Тоа го кажавме и го надминавме. Од 200-300 деца на чекање, сега ќе ги запишеме сите во градинка и ќе бидат сместени. Кризата која што ја имаме во изготвувањето на прелиминарните пресметки, реалноста и треба да му ја кажиме на граѓаните дека веројатно за да опстане градинката, ние ќе мора да ја покачиме и сегашната цена на партиципација на дете. Дали ќе издејствуваме да ја задржиме сегашната цена по дете. Јас ќе бидам поборник да ја задржиме и да не ја покачиме, меѓутоа ќе мора да бараме дополнителни средства или од Општината или од државата за да опстаниме како градинка. Не е мал периодот кој што ни претстои од 15 октомври до 15 март како греен зимен период. Воопшто не е мал. Тоа е пола година. Второ да добивме согласности за 18 лица и тоа е за поздравување, малку со доцнење али сепак е реализирана работа, меѓутоа не заборавајте дека 43 или 44 ги имаме ние преку Агенција за времено вработување, а добиваме согласности за 18. Тоа значи половично буџетот и така како што планиравме дека ќе ни се намалат тие трошкови, а и така ни е планирано. Нема да правиме ребаланс, да ги намалиме тие средства , него ние ги испланиравме тие согласности дека сигурно ќе ги добиеме од септември и парите за до крајот на годината за останатите лица ги имаме и ги гарантираме како средства за да продолжат градинките да работат со капацитет од 1250 дечиња. Значи мораме да му ја кажуваме на луѓето реалната слика некогаш, затоа што лажната надеж и давањето на погрешни информации може да дојде до еден колапс на системот, а ако дојде до колапс на системот, тогаш пак ќе биде вината на наша страна, цела одговорност апсолутно на наша страна и на раководството и во тој случај ќе бидеме обвинети за нефункционално работење на нашите јавни институции поготово сега на детската градинка. Значи некои работи подобро да ги превенираме него да ги после тоа лечиме или да не може да ги ставиме во функција. Јас сум во

принцип храбар човек и сакам да ја кажам реалноста. Реалноста е како што споменав пред малку дека треба да ја почекаме анализата мислам дека 2 недели дадовме рок на раководството на градинката да се произнесе со точна пресметка во делот на сегашните цени на енергенси, нафтени деривати, греење, ладење и набавка на храна и да видиме колку е дефицитот од финансиски средства, па да разговараме заеднички да видиме која ќе биде крајната одлука во делот на партиципацијата која што е минимална во однос на трошковите кои што се зголемени. Само еден податок. Значи детската градинка по основ на храна минативе години има потрошувачка околу 8-10 000 000 денари, а очекувањата сега се да бидат тие од 15-17 000 000 денари по однос на покачување на основните прехранбени продукти кои што се секојдневни обврски на градинката за хранење, ужинка на самите дечиња, а не коментирам во делот на греењето и во делот на ел. енергија која што треба да ја обезбедиме за детската градинка. Знаете дека претходно детските градинки како предучилишно образование беа ставени во повластени потрошувачи и тие повластени потрошувачи беа третирани како домаќинства. Со новиот закон кој што го имаме донесено од Регулаторна Комисија детските градинки не спаѓаат во категорија на повластени потрошувачи домаќинства, него се ставени во петта категорија, тоа е ЛФ2 ми се чине дека стручно го викаат или во делот на големи потрошувачи на регулиран пазар, а таму ел. енергија е некаде 18 денари по kw, а претходно детската градинка плаќаше 4,5- 5 денари по kw. Тоа е двојно, односно тројно зголемување и тука мораме да ги направиме точните пресметки. Знаете дека препораките од Влада се на 15% за заштеда задолжителни што треба да ги спроведиме. Јас имам тука неколку прашања и замерки, али тоа ќе го поставам соодветно кај што требе. Добро е да се носат мерки за заштеда и за сите работи, меѓутоа да го земиме факторот во обзир, влијанието на надворешните причини односно климатските влијанија. Ако ние имаме зимо како 2020, благо зимо ќе поминеме многу полесно, али ако имаме зимо со -15, -20 темпертаура тогаш не да заштедиме 15% во однос на ланската година него ќе го зголемиме и 50% трошкови затоа што не е по наша волја и не е по наша вина. Така да тоа не можам да го кажам во кој дел не очекува. Како што секое семејство праве план и детската градинка домаќински, транспарентно ќе го направе планот. Стоиме на располагање да разговараме на оваа тема, нема да ја затвориме точката како затварање на точки, дека не не интересира апсолутно, меѓутоа да ги информираме и граѓаните и семејствата дека можно е

да има и покачување на партиципацијата во детските градинки, како што и сега Владата најави покачување на ел. енергија од месец јануари кое што ќе биде задолжително. Јас верувам дека Владата не сака да ја покаче ел. енергија, а нештото е нешто неиздржливо. Неиздржливото е на терет на граѓаните. За жал таква ни е ситуацијата. Да се трудиме да ги задржиме сите дечиња на ниво, квалитетот на градинката да го направиме уште подобар да биде и во моментот еве ова нека не биде како замачкување на очи на цела ситуација отсабајле разговарав со Деканката на ПМФ во делот на фискултурно и здравствено образование и работиме еден проект со сите дечиња во Општина Кавадарци, вклучувајќи го и предучилишното образование и до 9 одделение, они имаат специјална опрема добиено од незнам која фондација донација, мобилна опрема да секое дете по воздраста биде прегледано соодветно во делот на моторика, во делот на неговиот развој, во делот на проценката на физичката и менталниот развој на секое дете. Така да се потрудиме кон здрава, права нација и соодветно згрижена и утре нација и дечиња кои што ќе не заменат на прав пат. Сето она што можеме да го дадиме дополнително стоиме на располагање, меѓутоа за жал советниче во овој момент ситуацијата е таква како што е. Мислам дека и вие добро ја согледувате пошто е многу на високо ниво. Благодарам.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Му ветив јас на Претседателот дека нема да драматизирам и нема да драматизирам ама нема ни да патетизираме. Градоначалниче мора да знае народот на што е секогаш. Јас знам дека не е предвидлива економската состојба, а камоли финансиите кои што моментално се трошат. Како и да е од почетокот на мандатот значи иницијално беше поскапувањето на водата на кординација се договоривме да ја тргниме, новиот менаџмент дојде пак ја ставивме се изгласа поскапување на водата. Друго поскапување на услугите на такси превозот. Не на кординација , до седница дојде, на седница се гласа против поскапување на такси услугата, наредната седница пак се става на гласање, се изгласува поскапување на такси услугата. Пазете додека станува збор за една индустрија каде што има една огромна сива економија, нерегистриран работник, каде што има недоволно пријавување на данок итн. Друго поскапувањето на услугите на детските градинки. Значи Левица не живее во една утопија. Ние знаевме дека така ќе испадне на крајот. Иницијативата отиде паралелно во повеќе општини заради тоа што имаше најава и од централната власт дека услугите на градинките ќе бидат поскапени. Значи никогаш не била целта за ние целосно

сите да ги ослободиме од се што плаќаат. Значи тоа да ние сме социјалистичка партија, ама дотолку дека никој не треба одговорност за подмирување на трошоци, па и тоа не така. Не живееме во утопија, али кога станува збор за некоја инцијатива кога е усвоена мислам дека сите имаме одговорност за да се донесе предлог одлука која што е во согласност со таа инцијатива. Доколку сакате да заборавиме на сите ветувања што сте ги имале , ајде заборавете на сите ветувања. Сега има економска криза и може да заборавиме на се. Ги исполнувате ли. Па еве иницијатива усвоена, не. Воа беше значи изгласано на Совет, може вие.

ГРАДОНАЧАЛНИК: На последната кординација на Комисијата е укажано вака дека советникот Круме ја повлекува инцијативата.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Врз основа на тоа што вие сакавте да ги спинувате после така ли.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не јас.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Комисијата. Нема да продолжиме со расправата заради тоа што ќе добие многу лоша димензија, али одговорноста е целосно на администрацијата и сакам да си ја превземе како таква. Толку.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Чувствувам една морална обврска како член на Комисијата. Во интерес на јавноста апсолутно не е на терет на администрацијата, апсолутно не е на терет на лицата што во Градската градинка Рада Поцева ги задолжиме да изготват според приходи на семејства и градирање, двапати имавме комисија. Значи на Комисијата апсолутно советникот беше уклучен на зум, 3 пати зум беше и советникот си ја повлече сам инцијативата. Значи во интерес на јавноста јас знаев дека ќе испаднат вакви спинови, меѓутоа не сакам да ловиме во матно и во интерес на вистината, јас како член, Претседател на Совет стојам за тоа што го видов. Може и советничката од другата партија Валентина Бањанска и она да си даде свој исказ за да не бидете доведени во заблуда. Повели советничке.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Гледај сега колку што можам да го сватам овој дел значи советникот Круме кажа една работа, ако добро ја сфанав јас. Ние знаевме дека ќе биде ваква криза па ќе мора да се покаче градинката па затоа му го искористив моментот на спинување, дај да ја намалиме цената секако вие ќе ја покачите. Така. Тоа е спинување сега. Не одлучувам јас, Комисијата одлучува заеднички бре човек. Ама одлуката на совет е. Гледај дај прочитај ја одлуката. Да се формира работна група Комисија која ќе разговара по основ на економски, енергетски состојби дали може тоа да го сносе градинката како

дефицит во делот на финансиските средства. Таква е одлуката. Извадете ја одлуката. Да. А не да одлуче Градоначалникот.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Може малце. Само со заклучок. А што беше заклучоците на седницата. Ајде. Прва точка, прв услов беше да ставиме критериум за нето приход, кој што го земавме нето плата што го остварува едно семејство. Потсети ме за второто беше ми се чине да МТСП доставите во вашиот заклучок стоеше. Во МТСП да си ги исполне ваквото што е. Тоа беше заклучокот и да имаме бесплатн а градинка за оние кои што исполнуваат и тоа го изгласавме на Совет . Зошто го повлечуваме сега не ми е јасно. Ама видете ние се доведуваме во ситуација гласаме едно на Совет и после тоа истото се повлекува. Изгледаме несериозни. Фактички да. Комисијата може да пониште одлука на Совет. Значи он поднесе инцијатива. Поднесе инцијатива и ја гласавме таа инцијатива со заклучок критериуми. Како треба понатаму да се спроведува.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници. По исцрпната анализа на Советот околу барањето на нашиот колега советник Круме. Имаше исцрпна расправа. Бидејќи точката беше од информативен карактер, а не од карактер за некое барање или да се гласа. Исцрпен е контекстот на самата точка. Со тоа одиме на последната точка на денешниот Дневен ред. Тоа е
42. Советнички прашања.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Моите прашања се две кратки. Дел од нив беа во текот на расправата кажани, меѓутоа конкретно се двете прашања до Градоначалникот. Тука е и Директорот на ЈП Комуналец. Прво прашање дали има шанса до отпочнување на празникот Тиквешки Гроздобер да се заврше улицата 7-ми Септември и втората е во врска со штетите настанати од 13.08 улица Диме Атанасов бр.10. Куќата е нова и не е првпат таму да има огромна штета. Мислам сигурно го знаете случајот, меѓутоа тоа се случува речиси секоја година и се плаќа штета за таа куќа. Дали може тоа еднаш да се санира и да не плаќа Општината штета за тија граѓанин. Ви благодарам.
СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: До Градоначалникот прашањето. Сега кога се врше реконструкција на фекална и атмосферска канализација дали се инсталира и кабловска инсталација во ископаното. И ако не зошто не се прави тоа. Тоа ме интересира.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници значи 3 прашања се 2 на советникот Златевски и едно на советничката Бањанска. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам Претседателе. Благодарам советници за советничките прашања. Во делот на еве ќе почнам од понежниот пол советничката Валентина. Во делот на реконструкцијата на улиците што вршиме фекална, атмосферска, канализациона мрежа, водоводна и пред асфалтирање воспоставивме еден систем од пред 7 месеци, каде што во група, во заеднички мејл ги имаме сите телекомуникациски оператори, а тоа на нашето подрачје се 4 ми се чине и плус ЕВН Македонија како оператор кој што располага со нисконапонската мрежа во Општина Кавадарци . Тука е вклучен и секторот за јавно осветлување на Општина Кавадарци. При донесување на програмата за реконструкција, изградба и доградба на сите комунални дејствија во Општина Кавадарци, се што е поврзано со овие телекомуникациски и нисконапонски енергетски мрежи ги известуваме заеднички и они ни потврдуваат за известувањето и е укажано. Ние не можеме да му наложиме и наредиме, е укажано дека доколку сакат да се вклопат во делот со реконструкцијата да постават мрежа, да спуштат ел. мрежа подземно или било какви интервенции да се вклучат во нашите рамки во текот на изградбата по тендерирањето и по воведувањето во работа на одредената компанија. До сега имаме прекрасна соработка во тој дел. Сега можно е вие да имате забелешка на една работа која што и јас имав забелешка, ама тоа од неискуство го направив и ми одговорија телекомуникациските оператори. На пр. улица Илинденска. Ја реконструиравме од Стара автобуска до Лимба и се уште има надземна инсталација од телекомуникациска и електрична нисконапонска мрежа. Тоа е од природа, тоа што самите телекомуникациски оператори сеуште не му е довршена работава да ја спуштат подземно, меѓутоа подземната инсталација во делот на поставувањето цевки, ормари и така наречено некое црево за оптички кабел е веќе поставено. Може ги имате забележано на некои локации на Илинденска каде што стојат празни на канделабрата оние црни црева, цевки, тоа е тоа што треба да го довршат во наредниот период. Значи нема да има ископи, нема да има тие работи. Значи максимално објективно имаме соработка со нив и второ заради финансиската конструкција на сите компании задолжително ги задолжуваме да барем ги постават тие црева и цевки, а во наредна финансиска конструкција, поскапиот дел поставувањето на кабелот и оптичките кабли ги направат, али тоа нема да ни пречe нас во делот на ископот или не дај боже прередување на тротоари и сите други урбани елементи. Така да тоа го запазуваме, а каде што наидуваме на случај, досега не сме

наидиле меѓутоа имаме Правилник донесено доколку некоја од овие компании не се одзве на повикот и не одговоре соодветно наредните 5 години нема право да побара од Општина Кавадарци прекоп на нова улица или тротоар, освен со исклучок на дефект. Истото важе и за ЈП Комуналец. И Комуналец е влезен во истата програма и го известуваме и нив и тие програмата за работа ја прават врз основа во договор со Општина Кавадарци. Тука имаме добра соработка и можам да кажам дека сега за сега сите оператори не пратат во текот на динамичката изградба на комуналните инфраструктури. Исто се случува и на 7 Септември и на Мито Хаџи Василев, али тоа ќе се случи во втората фаза по завршувањето на Гроздоберот , кога ќе ги реконструираме тротоарите комплетно од капелата па се до Портокалот. Таму ќе се стават тие нисконапонски и телекомуникациски мрежи. Значи комплетно тоа се запазува и пак може да се заблагодарам на сите телекомуникациски оператори дека не пратат во таа динамика. Другото прашање беше од г-динот советник Златев во делот на дали ќе се заврше 7 Септември во делот на Тиквешкиот Гроздобер, утре имаме кординација со кординаторите на КВБ Банка. Тоа се луѓе кои што доаѓаат од Австрија, тие ни се главни надзори на изведбата на проектот. Имаме едно мало недоразбирање што мора да го спомнам и утре ќе го застапувам тоа за да го надминиме тоа недоразбирање. Жикол е фирмата која што го изведува проектот по тендерирањето, е спремна до Гроздоберот да изврше комплетно асфалтирање од Портоколот па се до Дироко месарата горе за да бидиме спремни нели да го дочекаме празникот соодветно во делот на централното градско подрачје, меѓутоа надзорот по критериуми на таа Светска организација покрај тоа што станува збор за атмосферска и канализациона мрежа сега вградена бара 15 дена испитување на мрежата под притисок. Операторот кој што ја врши изградбата на улицата и реконструкцијата комплетна си прифаќа на нивна одговорност доколку се случи да во тие 15 дена покрај тоа што ќе биде асфалтирана улицата се појави некаков дефект на оштетување на мрежата комплетно го изваде асфалтот и го ставе само да стигниме до празникот и јас верувам дека ќе го прифане тоа надзорот пошто ќе биде ризик цел на операторите и ќе ја стигниме улицата 7 Септември и Мито Хаџи Ваасилев делумно во делот на Гроздоберот, после тоа ќе се пристапе кон комплетно асфалтирање втор слој и после одиме со реконструкција на тротоарите и таа секундарна мрежа за водоводната мрежа и овие телекомуникациски кабли што треба да ги спуштиме и за првпат во

овие проекти Општина Кавадарци дополнително воведи хидранска мрежа каде што тоа веќе ќе ни биде пракса и практика на секој реконструиран водовод да ставаме хидранти на некои 50 или 40м според прописи и закони за не дај боже пожари и други работи да имаме хидранска мрежа која што Кавадарци во овој момент ја нема и таа хидранска мрежа ќе си влезе во систем во пожарната, во сите институции за да знаат каде се тие хидранти. Во делот за тоа поплавата и елементарните непогоди како еве кога спомнуваме пак почнува да врне. Сега Вуко во моментот сме на жолта зона така викат од ЦУК-от. Нема да бидиме во таа црвена зона дај боже. Ја знам проблематиката на улицата Димче Атанасов со настанување на штета. Таа е една од тие 3 улици што ги спомнавме и претходно која што е влезена во делот на реконструирање. Имаме проблеми кога наидуваме на реконструкции, кога наидуваме на проблеми со недозволување на имотно-правни решенија да поминеме со канализациона мрежа преку други дворови. Да по дискрет и по директива го имаме правото како ЈП да извршиме прекоп на двор и вратиме во првобитна состојба, меѓутоа кога влеваме во судска пракса и во судска лавиринт нас времето ни се одзима многу, а затоа што истанците на жалба ги поднесуваат на повеќе степени и тој момент треба да го надминиме за да можеме да ги направиме канализационите мрежи кај што ги имаме проблемите во тој дел, а инаку можам со доследност да кажам дека новите изведби кои што ги работиме, во моментот работиме клучни изведби на нови пристапни и собирни, сервисни улици, а тоа е еве ја Бел Камен населбата, која што е комплетно нова населба со над 70 куќи и таму се врши комплетна атмосферска, канализациона, водоводна и баш ова што го спомна советничката подземна инсталација на нисконапонска мрежа и телекомуникација. Истото го работиме на улица Лазо Асијата кој што е од многу големо значење во програмата. Го видовте и долгоочекувана улица се заврши и не е воопшто мала, 1,200 км, која што ќе го заобиколи цело тн Брушанско Маало или Методија Џунов - Џикот улицата со цела алтернатива за движење и довршувањето на Западен Булевар, од Кавадаречки Дол до Желков Дол кој што воопшто не е мала работа и долгоочекувана ситуација. Секаде во тие проекти ги запазуваме овие критериуми што можеме да постигниме сета подземна инсталација да ја завршиме, да ги завршиме надземните инсталации, да завршиме на крајот со партерно уредување и со озеленување во делот на самата улица, булевари, тротоари и нормално безбедноста на граѓаните, дечињата и било кој движат да биде на соодветно ниво. Мое лично

мислење дека во тој дел нема крај ниту изградбата, ниту проблемите. Многу битно да Општината има слух за целокупната работа и не само слух, да ги повторуваме истите грешки него и да ги надминуваме и наидуваме на подобрување на услугите на граѓаните, а и го вратиме тоа што му следува на граѓаните. Значи Општина Кавадарци е една од подостапните општини каде со Кол Центарот кој што го имаме, со телефонскиот број 13-300 24/7 имаат оператор достапен и 24/7 имаат служби на терен кои што ќе излезат во истиот момент за да го согледат и видат проблемот да им помогнат на граѓаните. За жал тоа претходно не беше така, а и во многу други општини не е така, едноставно не можиш да дојдиш до информација, ниту да пријавиш штета, ниту да пријавиш координација во делот на вакви елементарни непогоди . Само можам да потенцирам еве на синоќашното постневреме беа вклучени повеќе од 40 луѓе, 10 возила од ЈП Комуналец, ТППЕ во целост, Мој Општинар во целост, значи некаде околу 60 луѓе активни на терен, кај што во истиот момент по приоритети на пријави од Кол Центарот, со кординација од Кол Центарот се покриваме во целост да отидиме кај граѓаните. Тоа многу значи за граѓаните. Ние штетава не можеме да ја возвратиме што е направена, али можеме да дадиме подршка и да ги ставиме во првобитна состојба, а нормално тоа што го спомна и директорот и кажа и од претходното невреме и од ова невреме нема да оставиме на случајност, ги сумираме сите настанати штети и таму каде што можеме ние да направиме алтернатива во делот на води или било кои други проблеми, кои што наидуваат ги ставаме во програма за идно решение. Како што викаат старове јас малку сум пооптимист и така еве можеби човек со повеќе енергија за работа. Во првиот мандат и ми беше посочена работа и се согласувам со таа работа што беше кажана тогаш. Вика има 1000 проблеми во моментов, ќе решиш 900, ќе се јават уште 300 нови. Така да проблемите никогаш нема да ги надминиме во целост, меѓутоа да ги решаваме и да има континуитет на следливост и да немаме повторување на истите грешки како што споменавте сега на истата улица, еднаш, два, три пати тоа е веќе некоректно за било кој и така да тоа мислам ќе го надминиме директоре поготово тука да се даде приоритет на оваа улица, мислам го знаете тоа веќе, ама еве како советничко прашање да го дозаклучиме и Општина Кавадарци и понатаму ќе продолже во интерес на граѓаните да функционира. Јас верувам дека и вие како советници и претставници пред се на граѓаните, без разлика кој од која политичка партија доаѓа или независна листа дека добро е што ги иницијатирате потребите на

граѓаните јас сум отворен за таа работа, еве досега неколку официјални средби сме имале и со советникот Павле и со други советници и со Тони и со било кој друг за проблеми на граѓаните кои што треба да ги надминиме, без разлика дали е Совет или не е Совет да го ставиме тоа во функција. Тенденциозно нема никаде да настапиме, објективно секаде ќе делуваме и мислам дека граѓаните тоа го чувствуваат и дека се задоволни. Идеално тешко а го направиме да биде, меѓутоа да го доведиме до еден современ, нормален живот во Општина Кавадарци. А и фактот дека многу луѓе ни завидуваат надвор од Општина Кавадарци. Тоа треба вака сите да го споделите заеднички пошто имаме улога, подршка од централна власт, подршка од опозиција, подршка од позиција, подршка од Претседател на Совет, од сите, од независни. Значи еднаш годишно убаво е да направиме едно сумирање на цела работа и да видиме каде сме, што сме. Значи тоа што значи каде сме што сме. Колку таа инфраструктура е подобрена во Општина Кавадарци и подземна и надземна и во било кој поглед. Значи најбитна работа е тоа огледалото на градот да биде наша претпозиција и да биде наше огледало. Јас никогаш не сум поборник и не знам дали во мојот вокабулар досега сте слушнале да речам јас. Не секогаш велам ние. Не тоа од потчит према вас секако таман работа ве перцепирам, меѓутоа кога викам ние затоа што ова е тимска работа, е тимска работа, е јавна работа, а и многу пати сум кажал благодарејќи на Совет на Општина Кавадарци. Оти сепак е Советот коректорот на Градоначалникот и треба вие да корегирате.Ако го оставите Градоначалникот сам не знаеме каде може да забега така. Затоа 19 души го кординираат, го критикуваат, па некогаш и пофалите ме малку разбираш. Знаеш во тоа е мотивацијата. Детето ка одело по вода го тепале пред да го скрше бардачето, така тоа е Советот тука да ја донесиме програмата и да се движиме во прав правец. Јас мислам дека сите сме тука зрели личности и дека сме во интерес на општеството. Досега ќе бидам објективен и ќе кажам никој од вас не побарал лична работа, никој не побарал лична работа што за мене става предуслов дека работиме во интерес на општеството . Така да тоа граѓаните треба да го ценат и нормално секој Совет, секој Градоначалник на крајот на денот ќе остави свој впечаток кај граѓаните, а граѓаните кога ќе дојде денот за заокружување доколку има реципроцитет од претходните советници ќе си кажат дали тоа заслужуваат или не заслужуваат или Градоначалникот или било кој. Значи многу битно е да движиме во нагорна линија, некогаш таа нагорна линија е поостра некогаш е порамна, ама да ја задржиме на

ниво каде што е реално. Така да мислам дека до сега во ова 8,9 месечно работење одиме во нагорна линија. Добро е сега баш искоментиравме и со советникот Вуко дека еве Општината, сега он ми призна вика во топ финансиска кондиција со 150 000 000 денара на сметка пари вишок на некој начин од оваа програма. Во моментот имаме 90% реализирање на програмата така да наредниот буџет 50% од средствата ни се собрани сега. Тоа е добро да презимиме и да наредната година направиме програма. Благодарам многу.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ Благодарам Градоначалник. Почитувани советници со тоа е исцрпен денешниот Дневен ред. Седницата е затворена. Благодарам.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов